# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 7 август 1992 година

Скопје, август 1992 година

## 41-ва СЕДНИЦА, 7.VIII.ГОДИНА


| | |
|---|---|
| 1. СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2. ДРАГИ АРСОВ | 2, 18, 40 |
| 3. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 4, 39, 103 |
| 4. ФАИК АБДИ | 15 |
| 5. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | 83 |
| 6. ЈОРДАН БОШКОВ | 33 |
| 7. КИРО ГЛИГОРОВ | 24, 107 |
| 8. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 54, 91 |
| 9. Д0СТА ДИМОВСКА | 33, 35 |
| 10. РАТКА ДИМИТРОВА | 4, 7, 8, 10, 89 |
| 11. ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | 23 |
| 12. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | 12, 13 |
| 13. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | 61 |
| 14. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | 84 |
| 15. НИКОЛА КЉУСЕВ | 86 |
| 16. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 102, 119 |
| 17. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | 49 |
| 18. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | 13 |
| 19. ТОДОР ПЕТРОВ | 14, 32, 91 |
| 20. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 21, 22, 93, 94, 122 |
| 21. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 51 |
| 22. ТИТО ПЕТКОВСКИ | 97 |
| 23. ИСМЕТ РАМАДАНИ | 65 |
| 24. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | 14, 123 |
| 25. АЦО СПИРОВСКИ | 71 |
| 26. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | 78 |
| 27. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 100 |
| 28. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | 11 |
| 29. БЛАГОЈ ТОШЕВ | 75 |
| 30. ДУШАН ТРПЕНОВСКИ | 80 |
| 31. МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ | 119 |
| 32. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 67, 70 |
| 33. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | 77 |


продолжува

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 август 1992 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 10,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитар Димитровски, Јаќим Ивановски, Иван Иванов, Љубисав Иванов и Благоја Чкатровски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешната седница поканети се: претседателот на Република Македонија, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Претседателот на Република Македонија ме извести дека оценил дека има потреба на оваа седница да ги информира пратениците за разговорите со премиерот на Сојузна Република Југославија, Милан Паниќ, одржани на 2 август 1992 година.

Предлагам. дневниот ред за денешната седница да го дополниме со "Информацијата за разговорите на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров со премиерот на Сојузна Република Југославија, Милан Паниќ, одржани на 2 август 1992 година во Охрид

Ве известувам дека група пратеници од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе иницијатива за одржување на посебна седница на која ќе се поднесе Информација за разговорите на претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров со премиерот на СРЈ Милан Паниќ одржани на 2 август 1992 година во Охрид и ќе се расправа по неа.

Група пратеници предлагаат посебната седница да се одржи пред одржувањето на 41-та седница на Собранието.

Има збор пратеникот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи претседателот на Собрание овде инсистираше ние веднаш да поминеме на гласање според кој предлог овде на 41-та седница треба да ја ислушаме Информацијата на претседателот господин Киро Глигоров што ги имаше со премиерот на Сојузна Република Југославија господин Милан Маниќ во Охрид на 2 август, ние група пратеници поднесовме една иницијатива и побаравме по оваа информација да се поведе расправа од следните причини

Сметаме дека прашањата што беа покренати во тие разговори предизвикаа голем интерес во пошироката македонска јавност, а исто така тие разговори предизвикаа и големи реакции кај политичките партии кои се огласија со различни соопштенија.

Сакам овде да го скренам вниманието на сите вас и на целата македонска јавност дека станува збор за судбоносни прашања од интерес за Македонија и за иднината на нашата Република. Од тие причини сметам дека ние пратениците во овој Парламент веднаш во оваа информација што ќе ни ја даде претседателот на Републиката треба да го кажеме својот збор.

Исто така по расправата, доколку за тоа се согласиме и заклучиме и доколку тоа произлезе од расправата Собранието да донесе заклучоци кои заклучоци секако ќе претставуваат една основна рамка во однос на тоа каков став ние ќе имаме спрема тие прашања што се покренати во овој разговор со господинот Паниќ и кои што се непосредно сврзани за некаква нова економска унија во која се опфатени не само нашата Република и моментално непризнатата Сојузна Република Југославија, туку има и пошироки димензии на Балканот. Од тие причини инсистираме по Информацијата на претседателот на Републиката, господин Глигоров да се поведе расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

Кој е по Предлогот на 41-та седница да ја ислушаме информацијата на претседателот на Републиката Киро Глигоров за неговите разговори со премиерот на СРЈ господин Милан Паниќ молам да крене рака? (67 пратеници)

Да напоменам дека секој кој барал збор по било која точка овде, добил збор. Какви се сега тие однапред претпоставки има или нема расправа.

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија предлага да се дополни дневниот ред за оваа седница со Предлог за донесување на закон за преземање на гаранции по користени странски кредити со Предлог на закон, поради тоа што на 10 август 1992 година ќе се одржи средба меѓу делегациите на Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Со оглед на тоа што расправата во работните тела на Собранието по Предлогот на законот за државјанство на Република Македонија, Предлогот на законот за личната карта и Предлогот на законот за патните исправи на граѓаните на РМ е во тек и има нови амандмани, предлагам предлозите на овие закони да се разгледуваат на една од наредните седници.

Кој е за овој предлог молам да крене рака?

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Сметам дека ова образложение е многу површно и недоволно за да се симната од дневниот ред закони кои што многу долго ги чекаат сите граѓани на Република Македонија, закони кои што се главна сопка за нашата држава. Сметам дека ова треба темелно да се објасни за да можеме ние пратениците да разбереме дали тоа мора да биде денес одложено и точно да знаеме кога ќе бидат поставени.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дури сега не ми е јасно што работиме. Во присуство на Владата во оставка и во присуство на претседателот на Републиката предлагам да бидеме секогаш активни во една работа. За жал не сме.

Минатиот пат јас барав од претседателот на Владата, сега во оставка да даде одговор на неколку прашања. Тоа беа две гри прашања за кои му благодарам за неговото излагање и одговорот што го даде. Меѓутоа сега наполно се согласувам со госпоѓата од ВМРО пратеничката Димитрова, и не треба одлагање на тие закони. Ќе го молам бившиот претседател

односно вршителот претседател на Владата да ми одговори, сега, не утре, како што вика господин Андов и некој му дофрли дека тие закони ќе се донесе подоцна или друг пат, тоа е неодредено време. Барам да се каже кога се дадени предлог законите за донесување односно доставени до Претседателството. Две години сме тука и ќе си одиме. Ми се итни дека демагогијата треба да исчезне од овој Парламент и од нашите глави. Повеќе така не се може. Секое задоцнување нас ќе не донесе, внимавајте што ќе кажам во овој час, ќе не донесе до социјални немири. Можеби Владата не беше толку виновна, но беше измислена влада и влада програмирана како некој овчар, како некој стопан кога ќе го глави овчарот од Ѓурѓовден до Митровден. Тоа Владата не го сфати. (Дофрлање во салата зошто гласавте).

Тоа е друго прашање господине министре зошто сум гласал. Кога излегов јас овде на говорница реков зошто гласам. Реков дека мене не дека не ми се свиѓа Владата туку реков дека еден или двајца министри работат против интересите на македонекио1 народ и на другите народности и малцинства кои живеат во оваа земја а не против целата Влада. Вие бевте жртва на системот. Ако сакате да знаете вие господа од Владата кога вие ја презедовте Владата не бевте свесни што на вас ви се крои. Вие не направивте ништо да се руши системот кој владее. Меѓутоа вие системот место да го рушите на некој начин, не по ваша волја, системот јакнеше и дојдовме во таа положба во која сме денес. Не ве обвинувам. Затоа чекам одговор од претседателот на Републиката и од претседателот на Собранието ако вие не можете да ми одговорите, да одговорат тие. На некој не му се бендисува, но денес тешко на тој народ кој купува по 300 денари леб. Не се прашуваат ни претседателот на Републиката ни претседателот на Владата туку самоволно ги носат цените, што значи кај

нас настапува време на анархија, време на социјални немири и време незнам какво, тоа ќе го кажам подоцна какво време не очекува.

Што треба да се работи. Владата, ми се итни малку ќе го засегнам и претседателот што беше ставен (не се бунете господа не се буните зошто еднаш ви реков се смеете, се буните, а утре ќе плачите, а ми се итни се ближи времето на плачот, и тоа да ви го кажам).

Можам да го поздравам господинот Гошев во овој час затоа што свесно отстапи од таа функција за мандатор на Владата затоа што ќе паднеше и тој во калта која голта луѓе, во живиот песок.

Од сега натаму сметам, господин претседателе, работи кои се неодложни за овој народ и луѓето кои живеат во оваа држава односно за системските закони немојте да манипулираме но да ги донесеме под најитно.

Уште една работа да кажам. Сакате или не сакате, сакаме или не сакаме ќе не признаат, но за жал, оние што не признаваат како да не молат тие нас за признавање а не ние нив. Ние сме признатa на крајот на краиштата. Во поднебјето на кое живееме постоевме и ќе постоиме. Да не кажам и потежок збор и еден да останете, и еден да останеме пак ќе бидеме тие што сме.

За жал, тоа ми беше и одговорот на ова прашање за признавањето до првиот момент кога не признаваа во нашето Собрание во околината или на плоштадот требаше да се веат знамињата на државите. Завчера не призна една голема сила, утре можеби тоа ќе го направи Америка. Сакале или не сакале Грците ќе не признаат еден ден. Ние на тоа не обраќаме многу внимание, бидејќи досега немаме претставници тука, но комуницираме со

нив. Ќе ве молам да го прифатите тоа. Секоја држава што не признава на плоштад да се вее нејзината застава, иако за жал ние ги немаме симболите кои нас не претставуваат. Толку за сега, а ве молам господа да ги извадите предлозите на законите и го молам претседателот на Владата да каже отворено кога се дадени законите, затоа што ми се итни тоа го баравме, јас го барав уште на втората или третата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само сакам да укажам дека ние деловничка должност, ние сега утврдуваме дневен ред и имаме итно за кое прашање сега се разјаснуваме.

Исто така ми е должност да ви укажам дека под тие закони постапката во Собранието сеуште е во тек. Тоа е моја обврска да ВI кажам. Стручните служби тоа го утврдиле и ми го предочиле. Ако вие мислите дека покрај тоа може денес да се расправа за тие закони да бидат на дневен ред се разбира секој треба да си гласа според своето убедување. Затоа се одлучува само со гласање. Нема на друг начин како да се одлучи. Затоа предлагам по ова прашање да гласам*

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Бидејќи се работи за закон од исклучителна важност и на никој овде во Собранието не му е до тоа овој закон да падне па после» тоа 6 месеци да не се донесе, предлагам да оди на дневен ред овој закон со тоа што ќе се направи пауза пред гласањето и ќе се види бројот на гласачите во меѓувреме и како ќе стои со изгласувањето на овој закон. Но, да не се даде демократска можност на сите во Собранието да се изјаснат во врска со ова

мислам дека не е во ред после толку месеци чекање на овие системски закони. Ние ја знаеме историјата на овие системски закони. Знаеме колку пати беше предлагано на ова Собрание и од страна на Владата и од страна на разни групи и пратеници и пред референдумот и после референдумот и после донесувањето на Уставот па мислам дека не е во ред со вакво штуро однесување да се избегнува расправа во Собранието. Нека има расправа во Собранието по овој закон па во една пауза пред гласањето ќе видиме дали и гласањето ќе го извршиме денес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ве информирам дека постапката е во тек тоа значи дека ние овде би требало да расправаме за нешто за што сеуште треба да расправаат комисиите, бидејќи има амандмани по кои треба да расправаат комисиите. Според тоа иако го утврдиме на дневен ред мораме да правиме пауза за време на која ќе расправаат комиси1: и да добиеме извештај од комисиите. Тоа е постапка и само е тоа демократија во услови на парламентарен систем, кога се почитува постапката.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Се извинувам што по трет пат земам збор, но сметав дека комисиите се само сервис на ова Собрание, а се претвораат во кочница на работата на ова Собрание, се дезавуира целата работа.

Јас сакам да кажам дека не се правени консултации меѓу партиите овде, се правени можеби меѓу раководството и поедини партии, а не се правени помеѓу партиите вистински консултации и средби на кој што може да дојде до некое разбираше и до некој консензус. Тоа е грешка и пропуст на раководството на ова Собрание Јас инсистирам денес да се расправа без разлика дали ќе се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тука се мешаат некои работи.

Ние можеме да ги ставиме на дневен ред овие закони ако предлагачите на амандманите ги повлечат своите амандмани и тогаш нема што да расправаме во комисиите. Тогаш директно се расправа ов Меѓутоа ако тие си останувaат на своите амандмани се разбира комисиите мора да работат. Инаку некомпетентно е Собранието да одлучува без извештаи на комисиите.

**СТОЈАН АНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Прво, морам да ви кажам, да повторам оти Собранието е највисок државен орган во законодавната власт и тој орган работи по строго утврдена процедура и само на тој начин тоа е демократски орган. Ако се напушти процедурата, тоа веќе не е ни државен орган, а не е ни демократски орган. Тоа е прво.

Друго, не треба овде да се правдам за консултациите. Консултации се вршат, се разбира меѓу координаторите на пратеничките групи и ништо понатаму, а тие вршат внатре консултации. Секој пратеник кој има некое мислење кое сака посебно да го соопшти, може да дојде кај претседателот и потпретседателот. Инаку, не гледам на кој начин односно кое е овластувањето на некој да ги повика групите надвор од надлежностите на координаторот.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Многу ми е жал, но морам уште еднаш да кажам. Координаторите на групите на почетокот на работата на ова Собрание направија едно тело координативно, кое беше од голема помош на ова Собрание. Тој месец додека тоа работеше, се донесоа многу работи и работата навистина одеше многу ефикасно и брзо. Од Претседателството на ова Собрание беше забрането натамошното работење и поедини координатори не смееја, ако се навистина храбри можеле да го кажат и овде, не смееја да доаѓаат на таквите координации и фактички се уништи меѓупартискиот разговор на ниво на координатори. Секој координатор во групата тоа не се консултации, тоа не се усогласувања на ставовите. Ние во надворешната политика сме за дијалог а за жал во нашето Собрание во процедурата не покажавме дека сме за дијалог. Ќе оставам секој да размисли која е причината за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ниту знаеме дека имало некакво тело за кое спомнува госпоѓа Димитрова, ниту знаеме кога престанало. Никој не не известил ниту знаеме што е тоа. Така стојат работите.

За збор се јави господин Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами ч господа,

Бидејќи мислам дека се пробиени сите дозволени граници за донесување на овие системски закони и уште едно вакво одлагање може да не однесе во недоглед. Според тоа, предлагам можеме ние овие системски закони да ги одложиме да речеме за утре на истата оваа 41 седница или во понеделник додека комисиите не си ја завршат својата работа и со подготвени предлози да ја продолжиме работата околу донесувањето на овие системски закони. Бидејќи со донесувањето на Уставниот закон тие требаа да бидат донесени во рок од шест месеци, а од тогаш до сега мислам дека не треба коментар понатаму колку време помина.

Според тоа, господине претседателе ве молам да направите потег само да се одложи донесувањето на овие закони за ден- два, а комисиите кога ќе ја завршат својата работа утре или во понеделник Собранието да продолжи со донесувањето на овие системски закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш го известувам Собранието дека ние би имале чиста ситуација ако не се дополнителните амандмани. Има доставени амандмани отпосле, а инаку имаме чиста ситуација и законите можеме денеска да ги донесеме, меѓутоа, има поднесено дополнителни амандмани од пратениците, а не од претседателот или од Владата. Неможно е тие да не бидат погледани од комисиите.

За збор се јави господин Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, многу убаво се сеќавам 41-та седница беше пред два месеци. Тогаш го поминавме законот за државјанство член по член дојдовме до крај, остана уште нешто и да гласаме. Не дојде до гласање го одложивме. Поминаа повеќе од два месеци од тогаш, за тоа време нормално се поднесуваат амандмани, кој е виновен за тоа? Требаше веднаш наредната недела или наредната седница тој закон за државјанство и другите системски закони да дојдат на дневен ред. Ние чекавме до сега да се поднесат уште амандмани, па пак комисии, па кога ќе дојдеме пак на Законот за државјанство, лични карти и другите системски закони, пак ако почекаме за гласањето пак ќе дојдат нови амандмани и ова ќе оди во бескрај и никогаш не можеме да ги донесеме тие закони. Затоа молам под итно во продолжение на оваа седница, но ако не стигнеме тогаш уште или понеделник, вторник да продолжиме со системските закони што ги оставивме уште пред неколку месеци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно појаснување. До донесување на законот и утврдување на резултатот со гласање тоа го знаете, додека трае расправата, секој пратеник има право да поднесува амандмани. Јас не можам никој да го лишам од тоа право. Господинот Ковачевски и самиот има амандман, а тој не се изјасни дали ги повлекува амандманите туку зошто има амандмани.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Јас немам амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А, немате сега. Добро, долго остана вашиот амандман овде.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Кога се поминува член по член, ако се поминало за членот 7, тоа завршило и не може да се поднесе пак амандман, да се разбереме. Поминато е по сите членови и како може, откако се поминало по членови нови амандмани. Ова оди во бескрај, молам да не се повторува повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И јас се согласувам дека не е коректно да се поднесуваат амандмани кога членот минал. Но, сите тие членови се во стапката во точката која се вика претрес на текстот и секој има право да поднесе амандмани, не можам да го лишам никого. Како можам да го лишам, тој е избран и со изборот има право да поднесува амандмани.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, за правилно информирање на пратениците на Собранието јас можам да ги известам дека заклучно со седницата која беше на 27 или 28, не се сеќавам точно, Комисијата се што беше пристигнато, како надлежна комисија, како амандмани од страна на пратениците и пратеничките групи ги погледа и има извештај. Не ми е познато дали во овој период во овие десетина дена има некој нов амандман. Ако нема нови амандмани мислам дека можеме да расправаме по овие системски закони оти Комисијата тој дел од работата си го има завршено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, јас сум предупреден дека има амандмани и треба да се погледаат. Доколку е завршена работата, тогаш извештајот треба да

покаже, нема пауза, туку ќе си влезат во дневен ред и нема потреба од пауза. Службите ми доставиле дека расправата е во тек, односно дека постапката во Собранието е во тек.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во расправата што се водеше на Уставната комисија падна една иницијатива од господинот Петров да се направи обид за некое усогласуваше во врска со законите за симболите. Нормално, се оствarија контакти во тој контекст, остваривме контакт и со претседателот на Собранието господинот Андов. Бидејќи ние практикуваме кога одиме да разговараме не одиме сами, туку еден, двајца или тројца, значи повеќе од еден и ние инсистиравме кај претседателот Андов за оваа седница, тоа беше пред некој ден, да се стават и овие закони на дневен ред. Зошто не се ставени, на тоа треба да одговори господинот Андов, а не да се повикува за да ја каже правата вистина дека има нови амандмани.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во врска со предлогот за симнување, односно одлагање од дневен ред на 41-та седница на Законот за државјанство, лична карта, патни исправи, сум на мислење и предлагам овие закони да останат на дневен ред со следното образложение.

Ние не треба да заборавиме дека 41-та седница ја одлагавме од 9 јуни 1992 година, а пред се со посебен респект во однос на барањето на пратеничката група на ПДП и НДП која достави едно известување на Собранието на 21 јули во кое укажа дека парламентарната група оцени дека не се создадени услови за нејзино учество на седницата на Собранието, бидејќи нема нови елементи кои би упатувале на тоа и дека парламентарната група е на мислеше дека треба да се вложат

дополнителни напори насочени кон усогласување на ставовите околу спорните прашања, а во функција на надминување на присутните несогласувања. Оваа пратеничка група беше на мислеше дека треба да се сочека можност новата Влада да заземе став по овие прашања.

Со оглед на тоа што се создадоа нови дополнителни услови од вчерашното враќање на мандатот на господинот Петар Гошев, сметам дека Парламентот не би требало да чека состав на нова Влада за да ги одлага овие ставови заради следното:

На 31 јули имавме закажано седница на Собранието која ја одложивме токму врз основа на тоа што Уставната комисија не постигна усогласување  односно не постигна мнозинство на гласови за да предложи на Собранието закон за државните симболи, односно закон за знамето, грбот и химната. На барање на независните пратеници побаравме да се одложи седницата на Уставната комисија за да можеме да извршиме дополнителни разговори во обидите и напорите да се постигне согласност за присуство на пратениците на 41-та седница на Собранието и разгледување на точките кои се на дневен ред.

На 1 август 1992 година такви разговори во кабинетот на претседателот поведовме и еден од заклучоците беше на 4 август да се извршат разговори, бидејќи беше постигната начелна согласност од потребното мнозинство пратеници за предложените државни симболи беше предложено на 4 август од 10 часот да се отпочнат разговорите со министерот за внатрешни работи и за законите за државјанство, лична карта и патни исправи, на кои инсистираа пратениците од пратеничката група на ПДП и НДП. На 4 август тие разговори по овие закони не ги извршиме. Ако постои можност, како што сега е предлложено во сценариото пратеничката група сепак оценува дека и по тие закон и не е постигната согласност по однос на нивните барања на овие предлог-закони за да само

се ислуша информацијата од претседателот, а да се напушти седницата, како што тоа го предлагаа во своето известување до Собранието на 21 јули, сметам дека е нецелисходно одлагањето и на тие закони. Затоа предлагам, бидејќи работните тела колку сум информиран, веќе ги разгледаа сите амандмани, овие предлог-закони да се стават на дневен ред на оваа 41 седница, меѓутоа, бидејќи начелна согласност за потребното мнозинство постигната е повеќе за законите за знамето, грбот ч химната, предлагам по информацијата на претседателот на Републиката како прва точка да биде Законот за знамето, Законот за грбот и Законот за химната, за државјанството, патните исправи и личната карта со тоа што, ако е потребно, во текот на седницата де. се прекине за да се извршат дополнителни консултации помеѓу пратеничките групи за да конечно овие закони ги донесеме со потребно мнозинство и во постапка предвидена со Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, еве да постапиме на овој начин, да се обидеме да направиме нешто што можеме повеќе.

Врз основа на заклучокот на Собранието и повеќемесечната расправа во Комисијата за уставни прашања во врска со утврдувањето на државните симболи на Република Македонија, Комисијата за уставни прашања зазеде став државните симболи да се уредат со посебни закони и подготви предлог текстови на Закон за грбот, Закон за знамето и Закон за химната.

Комисијата заклучи овие закони на Собранието да му ги предложат членови на Комисијата од редот на пратениците.

Предлози за донесување на Закон за грбот, знамето и химната на Република Македонија, со Предлог на закон поднесоа пратеникот Тодор

Петров, пратеникот Драги Арсов и група пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров во интерес на покренатата иницијатива за постигнување согласност по прашањето за државните симболи го повлече предлогот за донесување на закон за грбот, знамето и химната.

Комисијата за уставни прашања оцени дека е поупатно Собранието да расправа по предлозите на законите што ги подготви и утврди Комисијата што е во согласност со заклучокот на Собранието. Комисијата смета дека не е целисходно Собранието да расправа по предлозите за донесување Закон за грбот, знамето и химната на Република Македонија, со Предлог на закон поднесен од пратеникот* Драги Арсов и од група пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Напоменувам. дека предлозите за донесување на закон за грбот, знамето и химната, со Предлог на закон поднесени од пратеникот Драги Арсов и од група пратеници на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се со иста содржина.

Дали во врска со ова сака некој збор? (Никој).

Кој е за предлогот на Комисијата за уставни прашања да не се расправа по предлозите за донесување на закон за грбот,знамето и химната на Република Македонија, со Предлог на закон поднесени од пратеникот Драги Арсов и од група пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, молам да крене рака.

Јас прашав господа дали некој бара збор.

Господин Арсов бара збор.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, вчера на Уставната комисија водевме расправа во врска со неколку предлози за донесување на

закон за грбот, знамето и химната, со Предлог на закон.

Како што овде господинот претседател кажа покрај поединечните закони беше предложен од моја страна и еден посебен закон за државните симболи, со Предлог-закон со кој предлог јас инсистирав сите овие три посебни закони што беа разгледани на Уставната комисија да бидат на едно место и како таков посебен закон да биде ставен на дневен ред.

Јас инсистирам на тоа мое пратеничко право тој мој предлог да биде поставен на дневен ред на Собранието. Тоа што господинот претседател на Собранието Андов го кажа дека Уставната комисија зазела некој став, тоа е ?став на Уставната комисија кој став не го исклучува правото на секој пратеник да предложи свој посебен закон и да стои зад тој закон и зад тоа пратеничко право.

За мојот предлог појдов не само од уставните основи што исто така го дозволуваат тоа мое право да поднесам закон, туку исто така појдов и од заклучокот на Собранието на Република Македонија од 26 декември 1991 година во кој заклучок ова Собрание со мнозинство гласови, тука сите заедно гласавме за тој заклучок, се обврзавме Собранието да ја разгледа информацијата и да донесе закон за грбот, знамето и химната. Значи, заклучокот беше да се донесе еден закон. Од тие причини јас сметам дека мојот предлог е соодветен и на заклучокот на Собранието и затоа инсистирам да се почитува тој заклучок што ние со мнозинство гласови го усвоивме. Затоа стојам на мојот став наспроти ставот што го зазема Уставната комисија за време на вчерашната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Произлегува едно додатно барање од господинот Арсов, јас тоа го разбирам вака, ние неговиот предлог овој закон кој тој го предлага да го оставиме на изјаснување дали а се уврсти во дневен ред или не. А не да гласаме за с®авот на комисијата. Така го разбрав сега.

Според тоа, ќе го преформулирам прашањето, бидејќи посебно инсистира господинот Арсов, кој е за предлогот за донесување на закон со Предлог на закон за знамето, грбот и химната поднесен од господинот Арсов. Бидејќи се иста содржина и групата пратеници што го предлагаат, двата предлози ги давам на тоа дали да се уврстат во дневниот ред.

За предлогот на господинот Арсов, кој е за нека крене рака. (пратениците креваат рака).

Дваесет и девет пратеници гласаа "за".

Според тоа констатирам дека предлогот на господинот Арсов да се уврсти во дневниот ред за донесување на закон со предлог на закон не е усвоен.

Имаме уште еден предлог, тоа е предлогот од група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ.

Дали тој предлог за донесување на закон, со предлог на закон да се уврсти во дневен ред.

Молам кој е за молам да крене рака.

31 пратеници гласаа за овој предлог.

Констатирам дека и овој предлог на групата пратеници не е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Информација на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров за разговорите водени со премиерот на Сојузна Република Југославија Милан Паниќ, одржани на 2 август 19 92 година.

2. Предлог за донесуваше на закон за преземање на гаранции за користење странски кредити, со предлог на закон,

3. Предлог за донесување на закон за грбот на Република Македонија, со предлог на закон.

4. Предлог за донесување на закон за знамињата на Република Македонија, со Предлог на закон.

5. Предлог за донесување на закон за химната на Република Македонија, со Предлог на закон.

6. Предлог на закон за државјанство на Република Македонија.

7. Предлог на закон за личната карта.

8. Предлог на закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

Молам, кој е за овој предложен дневен ред да крене рака. (Пратениците креваат рака).

64 пратеници гласаа "за".

Дали некој има против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

За збор се јави господинот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што мислам дека ние овде пратениците сме во функција на решаваше на виталните проблеми на граѓаните, на тие што не избрале, во име на пратеничката група Илинден-слободни демократи, барам на оваа седница да се внесе нова точка на дневен ред. Еве за што се работи. Законот за преземање на депонираните девизни влогови од страна на Собранието е донесен и објавен во "Сл. весник на Република Македонија" број 26/92 од 27 април 1992 година.

Во член 19 е речено: "поблиски прописи за спроведување на овој закон донесува Министерството за финансии". Такви прописи до ден денеска не се донесени, што значи оставено е без регулатива сервисирањето на курсните разлики од споменатото девизно штедеше во Република Македонија од страна на Народната банка на Македонија.

Второ, обезбедување на денарски средства за покривање на нето падот на девизната штедња. Следователно поставувам прашање до кога граѓаните на Република Македонија ќе чекаат донесување на подзаконски акти за решавање на нивната девизна заштеда.

Од друга страна пак Владата на Република Македонија предложи до Собранието по итна постапка да го донесе законот за преземање на обврска за обезбедување на денарски средства за исплата по основ на депонираните девизни влогови од страна на Република Македонија. Барам овој предлог на закон да биде ставен на дневен ред на Собранието, бидејќи сметам дека девизните штедачи ќе бидат обесштетени, а со тоа со потрошувачката ќе заживее и стопанството.

Исто така, јавно се прашувам зошто се чека на оваа важна регулатива и во чии фиоки се чува овој предлог на закон, како, тоа дали се врши

намерна опструкција во неговото донесување а се со цел да се иритираат девизните штедачи и предизвикаат немири во Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, првото е прашање, тоа пратеничко прашање сега не е на дневен ред, туку треба сепак да го евидентираат и да му се одговори.

Вториот предлог, точно е тоа дека ние разгледувавме една верзија овде како нацрт и упативме на Владата со обврска за 10 дена да ни се достави. Сега овде проверувам до нашите служби и ми кажуваат дека новиот текст на законот се уште не е дојден и ние не можеме да го уврстиме на дневен ред оној кој не е дојден. Кога ќе дојде, се разбира ние ќе го уврстиме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што мислам дека денешнава седница ќе трае подолго време, дека ќе има и одложувања, така што убеден сум дека ќе има време дали Владата или Собранието, раководството, незнам тоа, ќе треба да се види да биде доставен, предлагам ние да го изгласаме и да го ставиме овој предлог на закон за дневен ред. Нека биде како посебна точка, па кога ќе стигне тој закон ќе го изгласаме овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, Собранието се разликува од органите на политичките организации. Овде може да влезе на дневен ред само материјал кој е доставен до Собранието. Треба да се разбереме, не е ова така, ова е сепак

државен орган. Јас ги ценам заложбите на господинот Пановски повторно тоа прашање да дојде на дневен ред. Меѓутоа, мора да дојде на дневен ред во склад со Уставот, законите и Деловникот. Не може на друг начин. Овде таков закон нема дојдено, а ако добиеме ќе го ставиме на дневен ред. Собранието има заклучок по тоа прашање.

Молам, дневниот ред го утврдивме и молам за редоследот. Во врска со него имаше еден предлог, предлогот аз донесување на закон за знамето да дојде пред предлогот за донесување на закон за грбот.

Молам, да се прифати овој редослед.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, почнавме со една многу вжештена атмосфера, сигурно, се со цел да и направиме добро на оваа наша држава, која пред неколку дена доби една голема значајна потврда за својата самостојност, независност и државотворност, а тоа е признавањето од страна на Република Русија за независноста и самостојноста на Република Македонија.

Предлагам Собранието да испрати поздравна честитка до Парламентот на Република Русија, бидејќи овде имаше признавање само на ниво на Влади, тоа е така регулирано, меѓутоа, да изрази благодарност за ова признавање, пред се за подавањето на пријателската рака (аплауз) на братскиот, руски народ (аплаузот продолжува), во едни вака значајни моменти кога Македонија мора да опстои и кога мора да ја сочува својата

државотворност, независност и самостојност, пред се, давање рака за пријателство, храброст и поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можам да констатирам дека Собранието прифати да испратиме телеграма до претседателот на Врховниот совет на Руската федерација и до пратениците, а тоа не треба да биде во дневен ред.

Минуваме на **точката 1** - Информација на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров за разговорите водени со премиерот на Сојузна Република Југославија Милан Паниќ одржани на 2 август 1992 година.

Има збор претседателот на Република Македонија Киро Глигоров.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Уважени пратеници, барав да се стави оваа точка на дневен ред денес, за да ви дадам автентична информација за средбата со претседателот на Сојузна Република Југославија господинот Паниќ. Ќе се задржам, така да кажам на чиста информација без да навлегувам во било каква полемика или одговори на јавно изнесени тврдења.

По иницијатива и на предлог на господинот Паниќ да дојде во Македонија по обиколката на Букурешт и Софија, се договоривме таа средба да се одржи во Охрид. Сметав дека треба да се чуе што предлага господинот Паниќ, какви му се погледите кон Македонија како нов претседател на Влада на една соседна земја, какви му се погледите за војната во Босна и како гледа и какви изгледи гледа аз нејзиното прекинување. Какви му се погледите кон Косово и кон вкупниот балкански

простор. Вам ви е познат дека тој беше примен често и на највисоко ниво во клучните меѓународни центри, Вашингтон, Лондон, Париз, Рим, Букурешт, Мадрид, Будимпешта, Софија. Синоќа беше соопштено дека се подготвува средба на господинот Паниќ со претседателот на Република Хрватска господинот Туѓман.

На почетокот на нашата средба господинот Паниќ информираше дека целта на неговото доаѓање е да се покрене иницијатива за воспоставување регионална, економска заедница на Балканот. Таа заедница, според него, би била чисто економска асоцијација по примерот на Европската економска заедница. Во таа смисла Паниќ ги образложи економските интереси и поврзаноста на економиите во регионот на Балканот, особено од аспект на периодот на транзиција кон пазарно стопанство на земјите на Балканот и од аспект на штетите настанати од економските блокади од војната на просторот на Бивша Југославија.

Во регионалната асоцијација, според него, би се вклучиле сите републики на некогашна Југославија, потоа Унгарија, Романија, Бугарија и Албанија. Тој рече дека Грција верува не би учествувала, бидејќи таа е членка на Европската заедница, и не ја спомна Турција.

Истовремено Паниќ информираше за разговорите што истиот ден ги имал со премиерот на Романија, премиерот на Бугарија во врска со оваа иницијатива. При тоа, оцени дека од нивна страна иницијативата во принцип е поддржана и дека веќе наредните денови закажал средби со премиерот на Унгарија.

Образложувајќи ја иницијативата господинот Паниќ рече дека услов таа да се покрене е, се разбира, меѓусебното признавање на сите

републики на Бивша Југославија и дека Сојузна Република Југославија тоа е спремна да го направи.

Во тој контекст информираше дека разменил позитивни мислења со претседателот на претседателството на Хрватска Фрањо Туѓман, со претседателот на Претседателството на БиХ Алија Изетбеговиќ и со еден претставник на претседателот на Словенија. Врз таа основа тој рече во наредните денови со овие републики ќе иницира средби во врска со идејата за една ваква економска асоцијација.

Милан Паниќ, исто така, информираше дека неговата Влада првенствено се занимава со создавање услови за постигнување мир во БиХ.

На крајот побара да му помогнам да се оствари средба и сам да учествувам и тоа во најскоро време средба во Тирана со претседателот на Албанија Сали Бериша. Јас од своја страна најнапред оценив дека самата идеја за Балканска, економска асоцијација не мора да биде спорна и дека таа всушност би била некој логичен исход на реалните интереси и економската логика на функционирањето во односите меѓу земјите во регионот. Но, оценив дека и дури самата идеја во денешните услови создадени со војната на територијата на Бивша Југославија, може да ја направи неостварлива. Во таа смисла укажав дека за самата идеја и нејзиното пошироко прифаќање се нужни следните услови:

1. Безусловно и брзо обезбедување целосен и траен мир во БиХ во врска со што СР Југославија има посебни обврски. Мислев на санкциите од меѓународната заедница итн.

Второ, меѓусебно и безусловно признавање на сите републики на Бивша Југославија после, се разбира мирот како првичен итн., на добра волја.

Трето, прекин на пропагандна војна во средствата за јавно информирање што ние особено ја чувствуваме од белградскиот печат итн. како услов за елементарно враќање на доверба и разбирање, услов за нормален дијалог.

Четврто, обезбедување соодветен приод кон идејата за регионална економска интеграција. Имено, укажав дека една ваква широка идеја не може да се покренува само на билатерално ниво, и затоа еден од условите е да се сложат сите други земји на Балканот и да се иницира една консултативна конференција во врска со таа идеја„на која што би учествувале Словенија, Хрватска, БиХ, Македонија, СР Југославија, Романија, Бугарија, Албанија и според нашиот предлог Грција и Турција и на која би се расправало за тој предлог.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (продолжение)

Исто така, укажав дека идејата мора да е прифатлива за сите предложени земји.

Петто, информирав дека за Република Македонија во овој момент е пред се и најважно прашање да обезбедиме меѓународно признавање на Републиката за да можеме да се чувствуваме како рамноправен партнер. Тоа е и еден од условите за нејзиното рамноправно вклучување во поширoките регионални асоцијации. Во таа смисла укажав дека досега Република Македонија меѓусебно се призна со Словенија, Хрватска и БиХ и дека всушност проблемот на меѓусебното признавање постои само меѓу СРЈ и сите други републики како комплекс што е и сериозна причина за недоверба кон намерите на СРЈ.

Шесто, укажав дека ја поддржувам иницијативата за дијалог меѓу СРЈ и Албанија, се разбира по нивни меѓусебен договор како еден од условите за мир и стабилност во регионот со оглед на тешката ситуација на Косово и во досегашните односи меѓу Србија и Албанија и дека проблемот на Косово мора да се решава со политички средства, рамноправен дијалог и што побрзо без било какви репресивни мерки, а камоли евентуални воени решенија. Паниќ на тоа одговори дека^ги при^аќа моите предлози и во исто време рече дека веднаш ќе пристапи кон подготовка за признавање на Република Македонија од страна на СРЈ и дека СРЈ ќе го помага приемот на Република Македонија во ОН.

После оваа информација за самите разговори ќе ве задржам уште минут, два за нешто што би можел да го кажам како мој заклучок од овие разговори.

Прво, токму овој Парламент постојано и во сите свои одлуки и декларации инсистираше Република Македонија да остварува политика на еднаква оддалеченост, но и пријателство и соработка со сите соседи. Да не повторувам, од минатото заседание кога расправавме за меѓународната политика на Македонија дека реков дека сигурноста и безбедноста на една држава зависи пред се од сигурноста и безбедноста на нејзините граници и односите пријателски и добрососедски со сите околни држави. Истовремено политиката на дијалог и средби се одредуваше како единствено можна позиција на Република Македонија. Всушност тоа се декларираше јавно и од сите партии во нашата Републиката. Според тоа, легитимен е и нормален итн., сите контакти и разговори врз такви основи да бидат нешто што се подразбира, што е нормално и што е содржано фактички во вкупната политика на нашето Собрание, на нашата држава.

Второ, тоа беше работна средба и размена на мислења. Притоа морам да нагласам исто така дека меѓународната политика на Македонија и од секогаш била за Балкан без граници, за слободен проток на луѓе, добра и идеи, за тесни економски врски и соработка, па се до покренување на прашањето за асоцирање на Република Македонија во европската асоцијација и други можни регионални асоцијации

На конференцијата за печатот спомнав дека е тоа инаку стара идеја за балканска соработка и таа идеја е всушност идеја која лежи во основите на македонското национално движење цел.;еден век. И заради тоа како идеја од минатото и можна идеја во сегашнината со оглед на интегративните процеси во Европа е нешто за што секогаш може да се разговара.

Трето, таа средба за разлика од првичниот обид морам да ве потсетам кој за среќа пропадна кој беше иницирaн своевремено од Грција да се сретнат потписниците на Букурештанскиот договор или на пример средбите од кои требаше да се роди таканаречената кај нас воздушна конфедерација помеѓу Србија и Грција, а ние да бидеме во сендвичот помеѓу нив. Оваа средба покажа дека ништо на Балканот не може да се договори без учество на Македонија, без нејзина согласност врз рамноправни основи како суверена и независна држава. Тоа е еден од резултатите на тие разговори. По повод признавањето на Македонија од страна на Русија изјавив дека сме спремни да разговараме и со Грција, ако се сеќавате за вчерашната изјава, за пријателски и добрососедски односи и соработка и да ги разрешиме сите меѓусебни спорови при што е познато не само што Грција не не признава, туку го оспорува и нашето име и е единствената пречка за нашето меѓународно признавање. Значи ли дека приговорите во врска со средбата со господинот Паниќ можат да се толкуваат дека не може да се разговара и со соседна Грција, а сите знаеме дека тие разговори не само што се потребни,,туку тие се неизбежни без оглед колку време ќе помине и колку ќе трае тој отпор од другата страна за разговори меѓу два соседа. Се разбира дека никакви договори и преговори кои би ја нарушиле нашата позиција во меѓународните односи не се дозволени при што мора да се разликува позицијата на законодавната и на извршната власт. Ако за секоја средба, или барем за п00сетливи средби треба да се добие одобрение од Парламентот каде тоа ќе не доведе? Дали е тоа во духот на нашиот Устав и во духот на поделбата на власта и одговорноста на секој дел од таа власт. Во духот на нашата трајна и принципиелна позиција беспредметно е да се говори не само за овој разговор, туку и било кој друг на кој и да е од Македонија кој неа ја

претставува во било какво својство дека може да прави коалиција со било кого против некој трет, или дека било кој ќе обновува, ќе воскреснува некаква србославија. Нас не интересира пред се меѓународното признавање на Македонија, потоа мирот и безбедноста на Македонија пријателската соработка со сите соседи, мирот на Балканот, крај на војната, создавање на услови за непречена економска и културна соработка и развој и меѓунационално разбирање и почитување.

Дозволете на крајот да ви прочитам нешто што покажува каква е огромната загриженост на меѓународната јавност за состојбите на Балканот не само во поранешна Југославија и не само околу војната во БиХ. На ноќешната прес-конференција по наше време претседателот на САД го рече следното САД предлага што поскоро меѓународната заедница да постави посматрачи во соседните земји за да се олесни делувањето на владите на тие земји и да се обезбеди стриктно спроведување на санкциите.'Мораме да се ангажираме во превентив на дипломатија за да го спречиме ширењето на конфликтот во Косово, Војводина, Санџак и Македонија. А заради тоа САД предлагаат ЌЕБС да постави постојани посматрачки мисии на овие локации кои ќе обезбедат меѓународно присуство и спречат злоупотреба на човековите права и насилството." Кога беше овде господинот Херд му побарав официјално од името на Републиката да се испратат посматрачи и на границите со Македонија. Понатаму вели господинот претседател Буш "Мора да се задржи конфликтот и да се спречи неговото ширење во соседните земји како Албанија, Унгарија, Бугарија, Романија и Грција. И за таа цел САД и предлага на меѓународната заедница одново да постави цивилни набљудувачи со што ќе се убедат овие влади во нашата загриженост околу

нивната добробит и ќе се спречи било каква агресија против нив”. И на крајот вели “Ние се консултираме сокашите сојузници во НАТО и НАТО-сојузот би можел да помогне на ОН да се реши овој конфликт. Овие чекори претставуваат интегрирана стратегија за разбивање и запирање на овој конфликт. Ние работиме со меѓународната заедница да го унапредиме нашето делување по секое прашање, а тоа ќе продолжиме да го правиме во наредните недели. Преку меѓународната соработка, дијалогот, преку ОН, НАТО, Европската заедница, ЌЕВС и сите други институции и средби ние ќе можеме да помогнеме да дојде конечно мирот во тој вознемирен регион.

Нашата средба почитувани пратеници, е еден мал обид конечно да придонесеме за мирот, за да престане конечно присутното безумие на овие простори кое го загрижува целиот свет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да поставам само едно процедурално прашање имајќи во предвид дека и оваа информација покажа колку е битен факторот на меѓусебното информирање помеѓу институциите на власта во Републиката за градење на взаемната доверба.

Прво, за едно многу сложено и чувствително прашање добивме усна информација што како пратеници не не става во активна позиција во рамките на одговорноста што Парламентот ја носи по однос на ова прашање, а имајќи предвид тоа што од средствата за јавно информирање

го разбравме во врска со оваа информација досега за разлика од изнесеното, односно како нови дополнителни информации. Затоа барам излагањето да се подели, на пратениците за да можат при расправата активно да учествуваат, а за тоа време да се даде една кратка пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се прифаќа овој предлог.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Имам целосно уважување кон предлогот на господинот .3» Петров и во ред е, тој за мене е сосема прифатлив, само не би сакал да прекинеме со расправа, можеме да продолжиме со точката 2.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со точката два не можеме да продолжиме затоа што работните тела треба да заседаваат, да го погледаат Законот, а потоа овде да одлучуваме.

Сега имаме предлог да се даде пауза. Кој е за предлогот на Петров да имаме пауза, нека крене рака? (38)

Овој предлог не е прифатен.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници , факт е дека излагањето што го слушнавме на претседателот Глигоров несоодветствува во целост на она што беше кажано на Прес-конференцијата. На Прес-конференцијата ние слушнавме дека бил постигнат договор за сојуз, била дадена согласност итн. Да нема вакви реагирања по повод нашите излагања во кои што ќе имаме цитати од

Прес-конференцијата и од она што беше изнесено во јавноста, предлагам стенографските белешки од Прес-конференцијата да ни бидат доставени на сите пратеници во целост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Таа стенограма од Прес-конференцијата ја немаме ние, туку средствата ва информирање. Веројатно ќе ја бараме од нив. Само тоа ќе бара одлагање на расправата.

Кој бара збор? (Никој)

Предлогот за пауза го изнесов овде и доби 38 гласа. Тоа е под минимумот кој е неопходен. Така што ние сега не можеме да одиме на пауза.

Гледам дека по споредни прашања се ствара затегната атмосфера која нема да користи ни во расправата. Затоа да се обидеме да ги добиеме овие текстови што се овде барани, можно е да се добијат ако е потребно да направиме пауза максимум од еден час, а до тогаш комисиите да ја гледаат точката 2.

Госпоѓица Доста Димовска има збор.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, Македонија се наоѓа на својот судбински крстопат на критична точка од своето историско битисување. Ваквата ситуација бара од нас пратениците голема одговорност, имено не смееме ништо да оставиме на случајноста, се наметнува потребата отворено да говориме за состојбите. За Македонија во моментов се во игра разни задкулисни сценарија, игри и стратегии, во чија креација и реализација учествуваат најразлични земји и личности. Имено на иницијатива на Милан Паниќ кој е последниот експонент на големосрпската политика и со благослов на Франција и на Велика Британија се прифати да биде организатор на меѓународната мировна конференција за Југославија во Лондон, чиј покровител ќе биде Европската заедница. Бидејќи учесници на оваа конференција ќе бидат сите учесници кој што го потпишаа Версајскиот мировен договор, постои опасност дека во конференцијата во Лондон, некоја од нив ќе настојува да го воспостави повторно версајскиот сите на Балканот. Во прилог на неповолниот исход на оваа конференција по интересите на Македонија,) зборуваат и следните факти. Имено, Милан Паниќ во Париз навести специјален статус за Македонија, Добрица Косиќ досега како и Слободан Милошевиќ воопшто го нема споменато македонскиот народ, а додека престолонаследникот Караѓоргевиќ изјави дека постоењето на Македонија е навреда за неговата прва л втора татковина, веројатно првата е Србија а втората Грција. Информација за средбата Глигоров Паниќ добивме од средствата за јавно информирање, а исто така и за разговорите. Господинот Глигоров на конференцијата за печат во Охрид изјави дека "се што презел г-динот Милан Паниќ ние го поддржуваме и дека треба да продолжи со тие свој напори, дека се

сложивме да воспоставиме доверба дека Македонија нема причина да не биде незаинтересирана за идејата за сојуз на балкански држави". Господинот Глигоров ја разбира како "асоцијација на балкански држави на економски п културен план". Навистина, зачудува, дали на г-динот Глигоров не му е познато дека во сојуз на суверени држави во унија можат да стапат само меѓународно- правно признати субјекти. Тоа не е случај со СР Југославија, а и Република Македонија сеуште не е пошироко меѓународно призната и не е членка на организацијата на ОН и ЌЕБС. Јасно е дека со евентуалното влегување на Македонија во ваков сојуз само на некои поранешни југорепублики, имено Србија и Црна Гора таа би немала никаков субјективитет, никаква државност, би преставувала само обичен дел во сојузот, имено би добила некаков статус на покраина. За некаков сојуз од сите балкански држави може да стане збор, доколку сите балкански држави бидат консултирани и ја дадат својата согласност. Познато ни е од средствата за информирање дека на предлогот на г-динот Паниќ, да се оствари средба помеѓу него и г-динот Дрновшек и. Милан Кучан, Словенија одбива да разговара и со образложение дека СР Југославија е агресор и се уште не е меѓународно признаена. Исто така, од средствата за информираше разбравме дека Бугарија ги смета разговорите со Паниќ за неофицијални, за приватни, иако г-динот Глигоров на Прес-конференцијата изјави дека таа идеа е поддржана од Романија и Бугарија. Цитирам од Нова Македонија од 4 август 1992 година. Да не зборуваме за тоа што останатите балкански држави воопшто не дале согласност, имено се прашувам за каква балканска конфедерација може да стане збор, ако останатите балкански држави и не  дале согласност. Сите факти упатуваат на

помислата дека на Лондонската конференција, Македонија може да биде втурната во остатокот на Југославија и тоа како што покажаа последните настани со благослов на македонските претставници. Српската иницијатива за создавање сојуз или унија на балканските држави е само обичен политички маневар на тој пат. Со прифаќањето на понудената средба во Охрид како и на српската идеја за балкански држави во кој сојуз не верува и самото српско раководство, во услови на тотална меѓу- народна изолација и бојкот на СРЈ, македонското раководство го поткопува меѓународното признавање, создава збрка за тоа што, всушност сака Република Македонија и не влева доверба во Република Македонија како меѓународен субјект, кој би ги почитувал меѓународните одлуки резолуцијата на обединетите нации, ембаргото, осудата на СРЈ како агресор итн. Имено, факт е дека средбата е остварена без консултација на Парламентот. На средбата, зачудува фактот што присуствуваше претседателот на Собранието Стојан Андов иако според Уставот, за прашањата за кои се расправаше и разговараше, а тоа е прашањето за сојуз на држави, имено, за балканска конфедерација, според Уставот член 68, единствено може Парламентот да одлучува, а исто така за признавањето на државите одлучува Владата. Се додека не се избере нова влада, Владата која што е во оставка е легитимна. И мене не ми е јасно зошто г-динот Никола Кљусев не беше присутен на таа средба и сака од оваа говорница да го извести Парламентот. бидејќи нашата оценка е дека ова судбинско и суштинско прашање, да го извести Парламентот, дали бил известен за оваа средба и дали воопшто бил поканет. Ако бил поканет, а не присуствувал, исто така, би молела да ни ги соопшти причините. Исто така, ме зачуди што на

средбата присуствуваше новиот мандатор на Македонската влада сега веќе не е, во кое својство, не ни е јасно.

Исто така индикативно е што до вакви средби со претставниците на Србија доаѓа веќе неколкупати, средбата во Охрид со Слободан Милошевиќ, за која исто така дознавме од средствата за јавно информирање и за која што не беше известен Парламентот. Понатаму беше одржана една средба во близината на Куманово, за која што не е известена, не знае пошироката јавност во времето кога г-динот Милошевиќ патуваше за Грција. Зошто не е известена јавноста, исто така, не ни е познато.

На крајот предлагам да се одржи посебна седница на Парламентот на која ќе се расправа за престојаната Мировна конференција во Лондон и на која ќе се утврди преговарачкиот тим во кој мора да има, со оглед на значењето на конференцијата и на природата на преговорите, и претставник од опозицијата и на која што Парламентот ќе ја утврди преговарачката позиција на Македонија, за да немаме некои не сакани ситуации и некои резултати што ќе бидат поразителни за Македонија.

Исто така во нашето реагирање по повод оваа средба до јавноста поставивме едно прашање зошто на оваа средба воопшто не беше поставено прашањето за Манастирот "Прохор Пчински". Ние го дочекавме 2 Август Илинден, а имено на Заседанието на АСНОМ и г-динот Глигоров присуствувал и имал одредена улога, зошто на 2 Август не се отиде со една државна делегација да го одбележи овој ден. А напротив на еден свет ден, ден на Македонската државност, најголемиот ден на Македонската државност, беше разговарано за вакви прашања, за туркање на Македонија во некакви си сојузи. Имено, оној принцип за кој што говореше и

претседателот, тоа е принципот на соработка со соседите и за еквидистанца, исто така и идејата за балканска конфедерација, таа идеја е стара 100 години, идеја на македонското национално ослободително движење. Таа идеја за сите македонски национални партии е прифатлива, но на овој начин да се разговара, со претставници кои што не ги овластил Парламентот, без присуство на претставници од Владата, да се дава согласност, што дотаму, на Прес-конференцијата ние разбрани дека од земјите кои што ќе бидат вклучени во тој сојуз,во зависност со тоа ќе биде одредено име. Ваквото нешто за мене е неприфатливо:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Г-цата Доста ми ги зеде мислите, вака не знам како, јас тука бележав, но јас тука имам уште нешто да додадам. Се обраќам до претседателот на Републиката и до Претседателството на Собранието и до Владата. А ми се итни повеќе ќе се однесува, нека ми извини г-ди Глигоров, прашањето кон него. Кој ја бараше средбата во Охрид, дали г-дин Глигоров или г-дин Андов затоа што е присутен или г-дин Гошев, (се обраќа кон Гошев), извини Гошев. Таа средба не е и протоколарно добро исправно, односно не е исправна. Мене ми се итни г-дин Паниќ е претседател на Владата на таа минијугославија. Г-дин Кљусев, уште легитимен претседател на Владата, затоа што г-дин Кљусев ги врши сите функции до оформувањето на новата Влада, за жал што не го направивме.

Г-дин не е присутен, а ја врши Функцијата протоколарно г-дин Малевски го прима и помошник министерот за надворешни работи на Русија. Овде се работите не јасни. Значи, според мене, и г-дин Андов не требаше да присуствуваа на таа средба. Од љубов кон Паниќ и г-дин Гошев не требаше, па им се извинувам на двајцата, можеше во еден случај да присуствува г-дин Глигоров но во присуство на претседателот на Владата. Тоа за мене е неисправно. Повторувам за мене е не исправно. Што се разговарало, тоа ќе се види од стенограмите. Е,сега што се разговараше, кон почит на личноста, пак не мие јасно, ако е тоа кон почит на личноста, тоа е добро, но ако се разговараше нешто друго, тоа е веќе, јас тоа не можам да го кажам, не можам да го објаснам, тоа не е добро. Не сакам да се сомневам во тоа дека повеќе се даде почит кон личноста. Но, почит кон една личност кој по негово барање или барање на претседателот на Републиката требаше да биде објавено порано на информативните средства, а да не се оди во Охрид, тоа е нивна работа, каде отидоа, на крај на краиштата, а да биде тука во присуство на претседателот Кључсев во Владата или во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, точно е тоа дека сите сме за соработка и разговори меѓу соседите и другите држави на Балканот и по широко, за кое зборуваше и претседателот г-динот Киро Глигоров. Меѓутоа, сигурно дека е тоа добро, но ние треба кога се водат тие разговори да ги респектираме и некои други моменти и околности, дали тие разговори позитивно ќе се одразат на севкупните односи во републиката и

пошироко. Ние видовме дека по овие разговори што ги имаше претседателот на Републиката, негативно се одразија врз расположението кај доредени партии, а исто така негативно се одразија и врз некои опции врз кои што се гради иднината на Македонија. Зашто тоа го велам и од кој причини? Го велам затоа што овој момент на тие разговори не е погоден од проста причина што така наречената Сојузна Република Југославија во овој момент е суспендирана од ЌЕБС во Хелсинки и тоа на седницата на Комитетот што се одржа во среда на 8.07.оваа година без расправа од сите активности на конференција за и таа суспензија трае токму во наредните месеци, во кои месеци, еве гледаме, ги презема активностите и претседателот на СРЈ г-динот Милан Паниќ.

Каква економска унија можеме да правиме со една таква држава, кога со одлука од Белата куќа им се забранува работење на сите претпријатија на Американската територија чии се сопственици или се сопственици од така наречената СРЈ, па дури и ако се американски државјани со потекло од Сојузна Република Југославија. Дали треба соработка со една таква држава и да разговараме за една унија со држава која што не ги почитува, според ЌЕБС одлуките, а тие одлуки се однесуваат на мирно решавање на споровите, на неинтервенција во внатрешните работи на државите. Нас,навистина, тоа не загрижува затоа што СРЈ му се тие одлуки на ЌЕБС не е обврзана да ги почитува ниту човековите права, ниту основните слободи и мислења, вклучувајќи ја и слободата на совеста, само определувањето итн.. Кои држави стојат за така наречената СР Југославија? Тоа добро ни е познато. Тоа е онаа земја која досега стоеше зад Србија, тоа е Франција која што најотворено ја поддржуваше српската политика. Ќе ве потсетам на состанокот пред извесно време на седумте најразвиени индустриски земји, францускиот претседател М теран побара

проширување на меѓународната конференција за Југославија и притоа рече дека е потребно да се формира некја посебна врховна власт, со посебни права на сите републики во постојната односно поранешна Југославија. На тој начин отворено го отвори целиот проблем на Бивша Југославија. Поинаку и не можев да се објасни како да се воспостави таа врховна власт над земји кои имаат демократска избрана власт што, како што тоа сите го знаеме, и како што Франција не успеа да даде одговор на тоа прашање во однос на нејзиниот предлог, за воспоставување на некаква врховна власт. Сигурно тоа го мислеше да го оствари преку г-динот Паниќ.

Овде треба да потсетиме дека некои неврзани земји, исто така не ги кријат симпатиите за да се врати старата Титова Југославија како најдобар концепт и како најдобро решение за Балканот. Тоа решение ние најдобро го почувствувавме преку одредени изјави на старите титови пријатели кои што, пред извесно време стапија на политичка сцена. Сигурно дека сето тоа загрижува. Загрижува уште еден настан кој што може да има судбоносни последици за Македонија. Имено, српската и црногорската делегација на Конференцијата во Брисел на 20 и 25 јуни ја оспорија стручноста на Бандетеровата комисија и бараа поделба на имотот уште од 1918 година. Сигурно тоа и г-дин Малески го знаел и е сведок на таквото нивно барање. Тие ја прогласија Каринктоновата мировна конференција за Југославија како завршена и затоа бараат нова проширена меѓународна конференција. Предлогот, се разбира, доаѓа од Франција. И според тоа сите резултати од Каринтоновата активност се негирани и неприфатливи и неважечки.

**ДРАГИ АРСОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Пред српско- црногорската делегација Арбитражната комисија на Бадинтер се оцени дека претставува некакво советодавно приватно тело на Лордот Карингтон и за тие одлуки на таа Комисија сметаме дека не ги обврзува ни Србија ни Црна Гора поради таквиот изразен став, а знаеме ние колку пати и како се повикуваме на тие решенија и тие ставови на Бадинтеровата комисија и колку се значајни за натамошната наша битка за меѓународното признавање на Македонија. Затоа и укажувам на тие моменти дека не се така за потценување и не треба ние така наивно да пристапиме кон преговори со луѓе кога постојат едни такви позадини зад чекорите што ги презема една таква политика.

Лидерите на таканаречената Сојузна Република Југославија отворено говорат дека Србите, Хрватите, Словенците и наводно Бошњаците се конститутивни народи на југо просторот. Македонците никаде ги нема. Како сега ние да разговараме .®&како да се однесуваме понатаму кога тие најотворено и пред југословенската јавност и пред светската јавност се претставуваат со една таква идеја. И, како и понатаму да градиме политика и да разговараме за некакви си платформи. Дали тие платформи можат да претставуваат доволна гаранција за создавање некаква економска унија на Балканот и да прифаќаме таква економска унија. Како да се однесува Македонија? Како да се однесува кога е познат ставот кај бившите југословенски републики. Имено, според ставот на Босна и Херцеговина што го изнесе и господинот Хасиџ Силајџич дознавме дека Босна не може да седне на иста маса со СРЈ и со Србија, ниту со нив да разговара се додека нивните улици се покриени со трупови кои не можат да се погребат. И се додека се обиколени со југо армијата под команда на таканаречената СРЈ и Србија. Од страна на БиХ е отфрлен исто така и најновиот мировен

план на економската заедница во Лондон. Познат е ставот на Хрватска. Имено, точно е тоа дека господинот Милан Панич имаше средба со Фрањо Туџман во Хелсинки. Но притоа Туџман изјави дека начелно се согласил за сите прометни врски меѓу Белград и Загреб, но откако ќе се запре агресијата и ќе се повлече Југословенската армија од Хрватска и од Босна и Херцеговина. Точно е и тоа дека господинот Милан Панич бара некакви 100 дена за решавање на југословенската криза. Тој се обидува да се претстави како некакво американско тајно оружје за решавање на таканаречената југословенска криза и дека новиот премиер на таканаречената СРЈ со тие 10 0 дена што ги б ара сака да предложи такви мерки кои ќе донесат некаков траен мир, но за таквите и слични манерври светската и европска јавност има веќе свој став и тие повеќе не веруваат на таквите опции затоа што тие уште од порано заклучија дека таквите маневри не претставуваат ништо друго туку одложување на прекинот на српската агресија во Хрватска и во Босна и Херцеговина.

Господинот Панич не го даде одговорот со кои механизми и наредби за тие 100 дена ќе ја наметне својата волја над господинот Милошевиќ и над генералската хунта. Само вели дека е пацифист дека ќе побара уште 100 дена ако не успее и така до бескрај а тоа значи дека ќе побара уште 100 дена, па уште 100 дена а знаеме ние што значи тоа. Тоа само може да значи продолжување на војната. Агресијата на Србите против соседните држави не е ништо друго туку обид да се обнови стариот поредок, да се рестраврира тоталитарниот режим и се она што веќе никој не може да го запре, за кое што сведоци сме и самите ние. Во такви услови како Македонија треба да постапува и како Македонија може на светската сцена да го бара меѓународното признавање. Преговори и договори рековме треба да има но не треба тие негативно да се одразат токму на тој план.

Мислам дека во вакви услови да се водат преговори со претставниците на таканаречената СРЈ ќе имаат само негативни последици и индикации. Напротив сметам дека треба да се залагаме да воскресне идејата да се воспостават и да се афирмираат правата на младите народи во борбата за нивниот идентитет, за нивната самостојност, за нивната државност, за нивната рамноправност. Тоа е од интерес на Македонија и на македонскиот народ.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господо пратеници, почитуван господине претседателе на Република Македонија, почитувани граѓани на Република Македонија. Јас морам пред сите вас овде да признаам дека не се разбирам од големи политики како што досега некои колеги исцрпно кажуваа што се се случува на Земјината топка, кој како резимира и т.н. Јас одма можам да зборувам за работи што сум ги чул од конференцијата за печатот средбата со господинот Панич, од она што сега го слушнав од господинот претседател на Републиката Киро Глигоров. Јас и досега а и од сега имам доем дека не се работи ни најмалку, во ниедна мерка за некој си наивен човек како што е господин Киро Глигоров, па некој си Панич ќе дојде и ќе го сврти, не знам што ќе направи и овој ќе залета па ќе направи некое чудо кое нас нема да ни биде познато. Мислам дека треба да се одлепиме од такви работи како пратеници на овој народ на Македонија, треба да бидеме чесни и достојни прво према себеси, пред народот на Македонија и пред овие пратенички клупи, пред новинарите и пред печатот, домашен и странски, и да знаеме што бараме. Ако се работи за една состојба во бивша Југославија, така да речам каде што одат животи и млади и стари, мислам дека беше дециден господинот Глигоров дека се

работи за работа која што може да настане дури по окончување на сите тие лоши нешта што владеат во бивша Југославија. А тоа значи и Србија е замешана, односно Босна, Хрватска по малку. Да се престане со лошото па дури после може да дојде до нешто што е предмет за разговор. Јас таа средба ја сфаќам само како иницијатива, многу корисна иницијатива за основање, едно такво економско другарување што ќе биде од голема корист за нас. Воопшто за мене, никакво значење нема во овој момент она за што се зборувало пред два, три или шест месеци. Што рекол Панич, односно што рекол Милошевиќ, па незнам кој за наша Македонија. Дали е призната Македонија, дали е призната СРЈ и т.н., чујте почело је почело. Еве Русија нас не призна. Сакале не сакале, лека полека и другите ќе не признаат. Ние на дневен ред имаме овде потпишување на договор со Меѓународната банка за обнова и развој а ние не сме признати, а ќе потпишеме. Тоа значи сепак ќе дојде од некаде финансиска помош. Мислам дека ќе мора ние, овде што сме прво да знаеме што е тоа што сме го направиле минатиот месец, за што овде се зборуваше многу грлато 300 денари килограм леб и што е тоа што не чека ако се оствари ова за што зборуваше господинот Глигоров, таа иницијатива да ги вратиме работниците назад на машините, да ги користиме капацитетите. Тоа значи ќе имаме пазар, ќе имаме пласман. Пред се во прашање е економијата. Тој господин Панич не е ни малку тралала, да се разбереме, од Америка. 75-76% од целата актива ја има вложено во Галеника и он сака профит, сака екстра профит, поголемо вртење на средствата, ефикасност, а така затворен не може. Ни ние не можеме така затворени. Со намалени капацитети ние не можеме да се прехраниме себеси. Едни стручњаци од Јапонија рекоа дека оваа Македонија е способна да храни три ипол македонии само ако сите агротехнички мерки се искористат. А тоа значи на нас ни требаат пазари, на

нас ни требаат пријатели, пред се тие што се до нас и тие што се до тие до нас што се и нивни комшии, значи балкански и прибалкански. Нив им треба Европа, им треба и светот, но за такво нешто треба дијалог, треба разговор, треба попуштање. Таа затегнатост да ја тргнеме од нас. Да се одлепиме од тие наши лоши мисли. Зошто не би имале поверение и доверба кај луѓето што воделе разговори. Зошто бараме ние стенограми овде. Од претседател на држава бараме стенограми. Ние поголеми претседатели. Па кој да чуе ќе ни се смее, па стварно нема смисла. Па да го смениме претседателот. Што сака да не продаде претседателот. На кого ќе не продаде и за колку пари ќе не продаде.

Сакам да кажам нешто од аспект на тие мои непознавања на политиките. Јас реков почело је почело. Набрзо ќе завршат и изборите во Америка. Таа не не признава затоа што се плаши од Грција. Ги сака гласовите на Грција. Некој ќе ги добие гласовите и веројатно ќе дојде и тој ден ќе не признаат и што, ќе се лути Грција, па нека се лути. Еден ден и Грција ќе наведне глава и таа ќе подаде рака. Сега ако Грција бара разговор, средба, ќе потрчаме на разговор. Сигурно дека ќе прифатиме. Тогаш зошто да не прифатиме разговор и со другите. Зошто со Панич да не прифатиме претседател на таканаречената Југославија. Тие веќе внатре имаат роварење. Црна Гора лека полека видела што сторила со таа дружба, но тоа е нивна работа. Они меѓу себе нека се расправаат, а ние стоиме цврсто уверени, сигурни во својот државен идентитет, интегритет и субјективитет. Тоа не го отстапуваме ни по која цена. Не отстапуваме од тие три многу важни работи, но ова што беше разговор, средба, јас само го ценам како голема и убава, добра прилика за економско отвораше и при услови кога резолуцијата 757 важи. А тоа значи услов Југославија да престане со тоа што се прави во Босна, односно Босна да биде како што

ние сме слободни. Времето ќе ги излечи раните затоа што има многу жртви, меѓутоа времето ги разјадува сите паметници па и нас луѓето и лека полека ќе забораваме и ќе настане еден мир во таа таканаречена бивша Југославија и малку пошироко и ќе имаме сигурно поголем пласман на нашите производи, нашите работници ќе се вратат пред машините, ќе имаме подобро живеење, ќе има повеќе средства за општа и заедничка потрошувачка и за нас и за учители и за професори и за наставници и за се. Ние кажавме на минатата седница, при услови на 24,1% пад на индустриско производство ние одмрзнуваме цени, одмрзнуваме плати. Тоа знаеме што значи, Јас тогаш реков не сакам да зборувам за реалните и номиналните вредности. Меѓутоа ние сме во почетна фаза на тој комунизам, да не го спомнувам Маркс кој така викаше едно време. Ако платиме... стандардот ќе опадне. Ќе опадне затоа што ние немаме продуктивност. Да има продуктивност, а токму разговорите на господинот претседател со својата група со господинот Панич беше на таа линија. Никаква друга намера јас не гледам таму. Јас му верувам и предлагам да му дадеме полна поддршка, да не го тормозиме претседателот така. И покрај тоа што, нека ми прости господинот претседател, што е во години над 70 јас не гледам негова грешка ниту во запирка, ниту во искажување, ниту кога пишува, ниту кога зборува напамет. А многу од нас помлади овде па не знаат што зборуваат. Опростете ама ова е вистина. Предлагам :да му дадеме една целосна поддршка да продолжи господинот претседател и веројатно еден ден ќе дојдеме до нешто подобро за нашата држава, за овој регион на Балканот. Заради тоа што Балканот секогаш претставувал буре со барут.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами ч господа пратеници.

Овде доста се искажа околу тој историски настан, но јас нема во тоа да навлегувам туку како прашање или надоврзување на тој состанок би го рекол следното.

Од официјалните и од другите искажувања се гледа и од посетата на Панич на другите републики се виде дека тоа е приватна посета. И како премиер, претседател на Република Србија. Според мене тој разговор требаше да го води премиерот на Владата на Македонија. Ако дој увидеше дека има потреба да се вклучат ч сите други републички функционери, ќе ги поканеше, ќе ги викнеше и ќе се разговараше. Ние тоа го направивме, еден дојде на незванична, непризната српска држава, ни во меѓународните форми и Обединетите нации, целото раководство го запостави нашиот илинденски празник кој еднаш годишно го славиме најслободно во овие две години и закажавме состанок токму на тој ден. Јас се прашувам дали тој господин Панич ни го честита празникот прво па после да преминеше на официјалниот дел. По мене дали не е пребрзо, затоа што досега ние сме за таква соработка, економска, културна и секаков вид соработка. Ние постојано велевме, никој немаше кажано во овој Парламент дека ние ќе откажеме некаква соработка. Постојат тие соработки и ние ги нудиме. Јас знам дека претседателот Кљусев, претседателот на поранешната Влада на Србија два пати во исто време се јави по телефон за да воспостават економски врски. Значи тоа не беше отстрането ч никој не може да рече дека ние соработуваме за таква работа. Знам дека тие водеа и каков таков план да направат за економската соработка меѓу Србија и Македонија.

**ТРАЈАН МИЦАВСКИ**: (Продолжение),

Прво, со она крајно поминување на Македонија на Милошевиќ се одеше на една воздушна конфедерација Србија- Грција. Постоеше друг дијалог за балканска федерација Грција, Србија, Бугарија. Постоеше една платформа Изетбеговиќ- Глигоров и дали сите овие досега изнесени паднаа во вода и сега се враќаме одново да правиме други платформи. Затоа, по мое мислење јас го поздравувам ваквото излагање на господинот Претседател, меѓутоа, можеби ние не сме навикнале на некоја ваква, поголема демократија, или не знаеме, но сепак ми се итни дека неодложно требаше да биде присутно овластено лице кое сеуште раководи, и во цел свет владите ги водат иако во оставка тоа назначување на друга влада, а се поставува лице неовластено да ги знае сите работи таму, а претседателот на Владата се исклучува од тајните договори, ако е тоа тајно и ако не требаше овде да се каже. Тогаш, во какво својство господинот Петар Гошев беше таму како претседател на Влада, како што беше таму? Еве сега не е тој мандатор, тоа значи тој не требаше да оди, требаше да оди тој што досега требаше да ја врши функцијата.

Благодарам за вниманието, сметам дека отсега наваму не треба ваква да забрзуваме, ние сме земја млада, кревка држава и уште меѓународно непризната со благодарението на големата Русија што го скрши мразот и не призна и сега ќе го сторат и сите, а ако се сеќавате јас уште тогаш реков за еден месец ќе дојде признавањето иако ние викаме дека нема признавање, еве го доаѓа и сега ќе дојде признавање и од другите големи држави и Ісе можеме потоа да се вклучуваме во сите меѓународни договори, разговори и сите други што треба да ги склучуваме како меѓународни така и економски договори.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Даме и господа, ја користам приликава јавно да поставам едно прашање кое во други прилики веќе е поставено а тоа е: Зошто во сите овие контакти, разговори на претседателот на Републиката и на другите претставници на власта во Републикава со шефови на држави и влади скоро воопшто не учествуваат претставници на албанците кои иако во мал број ги има во Парламентот и во Владата зашто макар и формално се оневозможуваат таквото присуство кое може само да допринесе во смисла на јакнењето на меѓусебната доверба односно отстранат сомненијата, не без основ, дека во тие средби може да има договарања да не речам комплоти на штета на немакедонското население во Републикава.

Што се однесува за последниот разговор со господинот Паниќ напомнувам дека малку е провокативен составот, во оваа делегација посебно мислам аа претседателот на бившата партија на Реформските сили која е ј^р©словенски ориентирана, сега претседател на Собранието и претседател на Либералната партија господинот Стојан Андов и бившиот претседател на Централниот комитет за СКМ потоа претседателот на Партијата за демократска преобразба СКМ господинот Петар Гошев. Иако сакам да. верувам дека претседателот Киро Глигоров кажа доволно не можеме да се ослободам од впечатокот дека не се кажани многу работи кои се од витално значење за албанците и другото несловенско население во Македонија, зашто убеден сум дека за тао се разговарало повеќе. Не сметам дека нешто е сторено со тоа што наши претставници учествувале во македонските делегации на пример во Турција или Албанија. Такви претставници треба да учествуваат скоро ви сите делегации и на сите нивоа. Важно тие претставуваат над една третина од населението во

Републикава. И уште еднаш напоменувам дека мешаната комбинација на тие делегации само ќе го зајакне мандатот на тие делегации и ќе ја зголеми довербата во ова време на страв и недоверба на едни кон други.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

На почетокот јас да кажам дека не гледам баш голема смисла во расправава да расправаме за вакво прашање затоа што ако вака расправаме за прашањето од македонската дипломатија после секоја средба официјална, полуофицијална, неофицијална се плашам дека многу луѓе ќе сакаат да разговараат со македонските претставници за билатералните прашања и за мултилатералните прашања, така да околу тие прашања секој ќе треба навистина да размисли кога и што и во кое време и на кој начин поставува прашање и со какви априористички тези за наводни случувања надвор од евентуално интересите на македонската држава. Не мислев да разговарам ако немаше директно прашање во врска со моето присуство овде на тој разговор, затоа само кусо ќе кажам за тоа.

Најпрвин ќе кажам дали бил запоставен празникот или не. Претседателот на Републиката беше на митинг во Крушево, држеше говор таму на познати летни температури и потоа место да оди дома да се одмори разговараше во касните вечерни часови неколку саати со еден претставник на држава призната, непризната, нашата знаеме како е призната и колку е призната и некој да помисли дека се троши дополнителна енергија, поставува прашање дали празникот е прославен или не е славен, но тоа е вака само попатно.

Во кое својство присуствував. Присуствував на покана на претседателот,на Републиката во својство на човек кој за неколку дена ако не одлучев како што одлучив соопштувајќи синоќа најверојатно но Ісе бев избран за претседател на Владата бидејќи постоеше рана мнозинска парламентарна коалиција па во такво својство сосема е јасно дека би било

корисно да знам размислува овде актуелен премиер на една соседна држава кого го примаат бројни поголеми и мали земји. Корисно би било, да знам евентуално за задачите што можеа да уследат, а сигурно би можело да уследат а дали уште неизбран требало да учествувам на таа средба, морам да кажам дека тоа не е баш многу сериозна забелешка иако секој може да поставува прашање зошто и премиерот во оставка не учествувал таму, меѓутоа и за тоа има одговори само јас не би сакал да дадам одговори и секој има свој пристап во работата.

Токму во тоа својство сите тие денови со мене бараа разговор бројни новинари бидејќи се очекуваше дека ќе бидам наредниот премиер и тоа новинари од странство, од Републикава од бившите републики, од Грција од Бугарија, а бараа разговори со мене и некои странски дипломати. Со некои од овие странски новинари и странски дипломати јас остварив кратки разговори толку колку што времето ми допушташе во рамките на задачата што ја обавував во врска со изборот на составот на Владата и не мислам дека е тоа штетно, не мислам дека тоа отстапува од некаква нормална политичка и државна практика во било која друга земја.

Исто така јас мислам дека Македонија преку своите претставници треба да разговара со сите што сакаат рамноправен дијалог, а први за дијалог се соседите, бидејќи токму со соседите со некои од соседите имаме сериозни проблеми со кои треба да се разрешуваат; Во врска со оние сомничења кој колку води интерес за македонската држава или дали некој од тие претставници ќе ги предадат интересите на македонската држава тоа го оставам секој од вас да си го заклучува како што сака и тука најмалку имам желба и намера некому да му докажувам дали:.јас или некој друг

може или сака да ги брани интересите на македонската држава. Тоа некој си го заклучува секој самиот. Инаку за таква тема едноставно мислам дека е дегутантно да се зборува.

За содржината на разговорите не би говорел ништо бидејќи претседателот на Републиката го изнесе сето она што беше на тој разговор, а секој нека проценува дали треба да разговараат македонските претставници или не се додека се претставници легално избрани. И уште нешто, на таа средба ништо не беше понудено да се потпишува па може да се третира како сакате, ниту пак јас ако учествував таму мислев дека имам право нешто^ да потпишам во името на македонската држава. Едноставно корисноста на запознавањето на еден човек кој што е актуелен премиер.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОРСКИ:**

Слушнавме, господинот претседател во делот на своето излагање не информира дека американската администрација ги зајакнува мерките на контрола на санкциите према СР Југославија. Исто така, на сите ни е јасно спрема информациите кои што секојдневно ги добиваме дека по безброј пати се преиспитува евентуалната воена интервенција против СР Југославија односно Србија. Од друга страна СР Југославија односно Србија посакува директни граници со Грција. Милошевиќ предлагаше конфедерација а имаме прилика да чуеме дека дури предлагал поделба, воена интервенција заедно со Грција. Опозицијата е на ставот дека Македонија не постои, кралот изјави слични работи. Ете таков гостин пречекавме на денот на националниот празник на Македонија на македонскиот народ. Тој дојде од Софија каде што предизвика дипломатски скандал, непримерен за посета на така висок функционер на една држава инкогнито без да се знае дека тој претставува во соседната држава. Но,

секако тој знаел зошто таму се нашол бидејќи неговото доаѓање во Македонија преку Бугарија во многу ќе створеше амбиент на прифаќаше на нешто што инаку на нас македонците не ни е прифатливо тоа. Секако е ствар_ на проценка на колку Македонци таквата посета преку Република Бугарија е прифатлива, тоа е дискутабилно прашање.

За текот на содржината на разговорите не би навлегувал, нешто чув, некои работи претпоставувам дека од една временска дистанца ќе се обелоденат, некои работи нема никогаш да ги разбереме. На две работи сакам да дадам свој коментар. Најпрвин беше спомнато дека идејата за балканско здружување, затоа што не сум сигурен во формулацијата која треба да ја употребам, дали конфедерација, федерација или нешто слично, е стара идеја уште од 19 век. Да, но тогаш сигурно не би се зборувало за економска унија туку таа идеја е идеја е токму така во врска со националното движење, но за воспоставување на една автономија кон патот на воспоставување на државност на Македонија што Македонија во тоа време не го имала остварено. Историски тоа тогаш било оправдано, но во денешно време бара длабок* анализи и аргументации према објективните опозиции, не дека не е убаво господине претседателе.

Изјавата .пак дека ако се прифатеше платформата Изетбеговиќ-Глигоров немаше да има војна нема да ја коментирам околу тоа дали ќе имаше војна или не јас сметам исто така дека најверојатно немаше да има војна, но да се зборува за една свршена работа од една дистанца во услови на еден амбиент кој просто политички однапред ги прејудицира работите и процесите таквата констатација и повикување на нешто station наназад и на охрабрување на некого да прави погрешна проценка во Македонија дека може одредени процеси да се дозаокружуваат на штета на македонскиот народ.

Дека оваа посета имаше корист, имаше, бидејќи ако оваа посета не беше остварена јас сум сигурен дека Русија немаше да не признае. Зошто? Бидејќи оваа посета директно изврши поместуваше на македонската позиција во глобалниот однос на политичките сили на Балканот и секако дека една блискост за која што не може да се одреди колкава е и како ќе се развива меѓу Република Бугарија и Русија барајќи во своите стратешки интереси едно однесување на овие> процеси на Балканот секако доведоа до избрзување на можеби едно признаваше кое што покасно логично требаше да дојде. Затоа и беше таква изјавата на господинот Јелцин во Софија, затоа и не изненади посетата на заменик министерот во Скопје и затоа и не се радувавме на прав начин на признавањето кое што уследи. Но секој настан има и позитивни димензии ако се извлечат поуки. Она што можам да го искажам како пратеник во Парламентот и како член на ВМРО-Демократска партија тоа е моето укажување дека би било погрешно да сметаме дека секојпат случајот ќе коинцидира со среќа во однос на општите процеси и дека ако повторно ја нарушиме позицијата на Македонија дека надворешните фактори без разлика колку што се спремат овде да имат една стабилна ситуација на она што го договараат надвор се од нашите свесни напори тогаш може да се случи да ја искомплицираме сами ситуацијата па и тие сами да не можат да се снајдат во сето тоа и да извлечат погрешни проценки и погрешни политички процеси.

Затоа сакам да крај да констатирам она што повеќе пати во последно време го изнесував за јавноста дека Македонија не е загрозена од надвор, сметам дека никогаш не била побезбедна друго прашање што Македонија е внатре загрозена покрај можноста за запирање на демократските процеси од несоодветната политика према малцинствата, но тоа е друго прашање. Но, Македонија ќе биде  загрозена однадвор ако тоа ние претходно го

припремиме самите во Републиката. Тука со право беше искажана загриженоста за тоа како Македонија ќе биде претставувана во Лондон на идната конференција за Југославија. Секако тука се поставува и дилемата дали Македонија и треба да учествува ако не ни е однапред позната нашата позиција.

На крај сакам да укажам од оваа говорница бидејќи веќе не сум сигурен дека информативниот простор е навистина отворен и демократски на непримерниот текст во денешна "Нова Македонија" каде што поднаслов "Повторно на тапет Глигоров" на еден непримерен начин се врши дисквалификација однапред на сите оние кои што не размислуваат политички така како што авторот со потпис В.Р. незнам кој се крие зад <гој потпис, а ќе цитирам само четири реда на крајот и сметам дека ќе бидам сфатен од македонската јавност. Покрај другото на крај завршува: "Во секој случај можеби е среќна околноста што претседателот Глигоров нема дораснат противник против себе и што тој без поголеми тешкотии успеа да ги демаскира сите тие исконструирани обвинувања што ја бараат неговата претседателска функција!'. Браво. Мислам дека овој новинар може да добие и одредена сатисфакција за овој напис.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Република Македонија подразбира право и слобода на говорот и мислата, Меѓутоа, подразбира и средби и контакти со сите држави кои тоа го бараат, било тоа да се осведочени пријатели или непријатели на оваа наша држава. Тоа е составен дел на нашата надворешна политика која зборува дека на сите оние кои сакаат да контактираат со Македонија, Македонија е отворена земја која ќе им подаде рака со цел да воспостави контакти и да има секаква економска и надворешна соработка од секаков вид. Според тоа не сакам и не можам средбата Глигоров Паниќ да ја оквалификувам како нелегална и уште полошо како антидржавна. Тоа го дозволува нашиот Устав и тоа е составен дел на нашата надворешна политика.

Овде беа изразени одредени бојазности во врска со тоа дали Македонија сака да се втурне после оваа средба во некаква редуцирана федерација, во некаква унија која не одговара на нашите интереси. Мислам дека такво право нема ниту Владата, нема ниту претседателот на Републиката, нема ниту овој Парламент затоа што ние имавме една многу добра форма која покажа каква е желбата на овој народ. Тоа е нашиот Референдум кој со огромно мнозинство покажа дека оваа држава сака и мора да биде самостојна и суверена и независна држава. Од друга страна нашиот Устав има одредена процедура како и на кој начин може некој да се откаже од својата сувереност односно да пренесе дел од својата сувереност на некоја друга туѓа држава или на некоја друга унија. Според тоа такви бојазности и утопистички цели и идеи не треба ад бидат присутни ни во овој Парламент за да не бидат погрешно интерпретирани и сфатени во јавноста која што многу сериозно е загрижена во какви води ќе заплива Македонија и дали ќе успее да го сочува ова париче земја така како што е

се со цел овој народ да заживее подобро и да доживее подобри економски времиња од ова време какво што е сега.

На средбата Глигоров Паниќ беше спомната::идр5.аФа за Балканска унија. Колку што мене ми е познато оваа идеја не е ниту на господинот Паник ниту на господинот Глигоров. Тоа е идеја која што е познато уште од постоењето на народот на оваа географско подрачје од проста причина што постоела можност најголема желба за економски, транспортни, културни и било какви средби кои што на ова подрачје можат најдобро да се остварат. Меѓутоа, според мене прашање на време е дали е ова вистинскиот момент кога Македонија може да одлучува за ова прашање. Македонија во овој момент се наоѓа во процес на меѓународно признавање. Од друга страна се здобивме со една голема храброст после признавањето на една таква голема држава каква што е СССР, што значи дека процесот на отворањето и признавањето на Република Македонија е процес, а тоа значи една временска дистанца која мора да се сочека, која мора да созрее за да може се она што овде беше прифатено и беше речено од страна на претседателот на Републиката за да се добие во време, за да тоа нешто длабоко се обмисли, односно за да нешто во кое Македонија евентуално би стапила би било исклучиво на рамноправни, а никако на некакви подредени услови и можности каде што Македонија нема да биде рамноправен партнер. Тоа не можеме да го направиме ниту ние ниту било кој затоа што немаме мандат од народот.

Од друга страна, ако се ставам ,во позиција на обичен граѓанин, а морам да кажам во интерес на вистината, тоа бев на 2-ри август, следејќи го првиот, и вториот дневник на Македонската телевизија, јас морам да

кажам една вистина која длабоко ме заболе, бидејќи интерпретацијата на она што тогаш беше речено или не одговара на тогашната вистина односно не одговара на она што претседателот на Републиката денес го рече. Јас сакам да верувам дека е направена една случајна грешка односно сакам да верувам дека македонската јавност не сака да биде погрешно интерпретиран нејзиниот претседател односно не сакам да има такво едно новинарство кое намерно и свесно ќе го руши дигнитетот на претседателот на Републиката. Меѓутоа, ако вие ги проследите исечоците на дневникот по повод средбата на третиот дневник и првиот и вториот, ќе видите дека навистина не се наполно идентични. Што значи ова прашање. Ова значи дека можеби постоела некаква несовесност, можеби постоела несоодветност, можеби постоело едно површно информирање, меѓутоа, за мене е неприфатливо конференциите за печат кои во времето кога имаше можност да се. сочува Југославија се пренесуваа без оглед на кое време од денот и ноќта директно, сега не се изнајде можност тоа нешто да и се пренесе на јавноста какво што е без да тоа си даде некој слобода да го коментира, па било да е пратеник, било да е пратеничка група, било да е партија или било кој, < затоа што она што е речено како вистина, ние имаме свесни граѓани, имаме свесна интелигенција и секој може да го протолкува на начинот така како што речено. Според тоа, ако направам едно резиме од сево ова што го реков е дека Македонија е отворена земја, секогаш ќе прифаќа разговори со било која земја било тоа да е призната или не, затоа што на крајот на краиштата ние сме признати од малку земји и голема штета би било за нас ако само прифаќаме разговор со тие признатите, а не

и со  ониe кој очекуваме да не признаат. Меѓутоа, Платформа на нашите разговори секогаш мора да биде самостојноста и сувереноста на Македонија, интересите на нашиот народ и нашата држава и јас мислам во ова нешто тие не се нарушени и дека напротив на конференцијата во Лондон ние како Собрание ќе се потрудиме да направиме една Платформа на нашите разговори, не заради тоа што нашите преговарачи ќе немаат таков мандат, длабоко уверена дека нашите преговарачи го зборуваат она што го сака македонскиот народ и го прокламира ова Собрание, туку и за тоа што од таа конференција ние како држава можеме да очекуваме, дали таа конференција наполно ќе го разреши делбениот биланс на Југославија од кој што Македонија има што да земе и како и на кој начин се замислува оваа конференција.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мене како пратеник во овој Парламент навистина ни беше потребна, после сите информации, начин на информирање, соопштение на партиите итн. едно дополнително изјаснување односно информирање токму од претседателот на Републиката во врска со оваа средба и тоа на начин како што овде беше изнесено од претседателот Киро Глигоров, за мене ги задоволува сите интереси во врска со таа средба. Меѓутоа, мислам дека ние како Република односно како субјекти во политиката во Македонија се наоѓаме во најширокиот процес на една општа политичка хипокриза и се што е нормално имаме причина веројатно некоја друга да го извитоперуваме и да му даваме конотации кои потоа само нас нешто внатре ни значат и уште .повеќе не делат, наместо да се занимаваме со она што е суштинско на сето ова.

Она што јас од информирањето на господинот претседател го дознав е дека во целокупното однесување во текот на разговорите нашите претставници, пред се претседателот ни за јота, што се вели не отстапил од утврдената политика на ова Собрание во односите со соседите, во односите на надворешната политика, што за мене е почетна важност кога се даваат такви оценки и дисквалификации на оваа средба што овде се изнесува.

Дека се работи за една општа хипокриза покажува што овде поединци не памтат што говореле, за што се залагале и што нивните партиски централи во своите соопштенија се произнесувале. Ние дојдовме овде во ситуација да извештајот на Бадинтеровата комисија на кои основната подлога е Уставот на Република Македонија да ни го бранат оние кој овде не го ни гласаа. Ние дојдовме овде во ситуација да ни спомнуваат за Прохор Пчински итн. оние кои стриктно се залагаат, како што всушност е и политиката на овој Парламент за почитувањето на Резолуцијата на блокада на Србија, а дел од таа блокада е и културната блокада која во таа Резолуција е договорена. Ние во ова Собрание дојдовме во позиција да ни се укажува на какви контакти треба официјално легалното раководство на Македонија да инсистира и да воспоставува оние кои во рамките на Македонија бараат автономии, бараат федерализација и тн. Тоа е тешка хипризија која во Македонија добива се поголем замав. Овде исто така добиваме лекции дека наводното признаваше од Русија е продукт на ваквата средба. Навистина каде ние тоа одиме и што ние тоа сакаме да постигнеме. Признавањето од Русија е само потврда на исправната политика на Република Македонија во своето настојување на начини како

што другите поранешни републики во Југославија го побараа своето признавање да опстане. Нас овде ни укажуваат на потребата или непотребата на средби оние кои отидоа први да преговараат со оние кои посредуваа да ни го променат името. Мислам дека и јас со еден таков пристап не сакам да се согласам.

Во однос на содржината на овие разговори мислам дека реагирањето на официјалната политика на Грција, на политичките партии таму укажува дека некаква оска помеѓу Србија и Грција на одреден начин не е баш велку поддржана и од некои други. Зарем не е тоа причина ние да бидеме на одреден начин и претпазливи, меѓутоа, на одреден начин и задоволни што таа оска ќе се крши.

Исто така го користам изворот "Нова Македонија" само како извор, денешното укажување дека наводно одлуката на признавање на Русија е создадена во Бугарија заради преместувањето до една итн. , или дека тоа пак претставува дипломатски скандал. Па тоа е навистина, не, некој сака да не одвои да не бидеме самостојни и во меѓународното презентирање на нашата политика и во контактите што ние самите ги определуваме.

За мене од оваа средба е битен овој однос ако утре, на начин на кои ние како Република бараме меѓународно признавање и ова нова творевина во СР Југославија биде меѓународно призната и изјавата за меѓусебно признавање за мене е исклучително важна и впечатлива работа.

Прашањето за економската соработка во кое се врзуваат и некои идеи стари 10 0 години или незнам колку за Балканска унија, конфедерација итн., се се тоа платформи на кои може да се разговара и на кои Македонија има траен интерес. Тоа и во сите наши документи сме го запишале и

навистина оние овде кои всушност оваа средба на претседателот Глигоров ја гледаат само во функција уште еднаш да го омаловажуваат и овде како што се испушти и презимето да му го менуваат е само показател дека ние самите себе не сакаме да се почитуваме односно да ги почитуваме оние кои сме ги избрале демократски да не претставуваат.

Прашањето на економските интереси на Македонија е приоритетно прашање. Вчерашниот неуспех да дојде до конечен договор и до формирање на Влада уште повеќе не оддалечува од правата тема која треба да биде приоритетна во ова Собрание. Во таа логика ние мора да бараме прави решенија. Од тука треба да се објасниме, требало да биде премиерот таму, еве ја говорницата нека каже, бил поканет, не бил поканет, присуствувал, не присуствувал овластил друг да присуствува итн. Тоа не може да биде сенка на преговарачкиот тим односно на оние кои разговарале на таа средба таа всушност и господинот Томе Стефковски почна овде со таа реченица дека кај претседателот на Собранието под двојца не одат. Во сопствената партија значи постои потреба од некакво пошироко претставување, а ние сега тука на господинот Гошев му замераме зошто отишол. Мене ми се многу прифатливи овие Аргументи што самиот ги кажа и јас на таа линија му давам поддршка. Мислам дека ако крајната цел е во догледно време Македонија да не биде во некаква побрза форма признаена од соседните земји па и уште од тоа да произлезе уште долго опстојување дали на ЕЗ или незнам кому да ни се врши пресија за промена на името, ние многу лошо ќе ги темелиме внатрешните односи. Постојано ќе бараме причина меѓу себе да се раправаме место да одиме во она што значи фундирање на демократските институции во Републиката и Републиката на системските промени кои требало да уследат заради конституирање на една нова структура која би дала некакви ефекти.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господо, еве и ние се најдовме во една политичка променада која ја имаше господинот Паниќ. Нормално дека се прошета и дојде до Охрид. Меѓутоа, јас во принцип сум за разговори и тоа за разговори со било кого и во секое време. Дури сум против некои паушални соопштенија и на политичките партии и на единки кои без да располагаат со точни изворни информации веќе дадоа и политички проценки и оценки. Можеби требаше после излагањето на господинот претседателот и тогаш да се излезе со такви соопштенија.

Средбата на претседателот Глигоров со господинот Паниќ јас се уште се надевам дека тоа беше една куртоазна средба. Зошто не. Да се слушнат непосредно намерите на господинот Паниќ, иако морам да ви кажам дека тој ништо ново не предложи а верувам дека и нашиот претседател ништо ново и не прифати. Тоа е стара нова идеа за една Балканска економска заедница. Меѓутоа, морам да го кажам и моето мислење дека ние можеби малку повеќе треба да одиме на тоа да бидеме што поблиску до една Европска заедница затоа што на овие балкански заедници како да не верувам многу.

Мораме да признаеме дека господинот Паниќ е премиер на една жабљакова држава која не е призната, туку напротив под член ембарго и политички притисок од ОН и ЕЗ. Јас знам дека господинот Паниќ е во дипломатска офанзива и со други држави, но средбата со нашиот претседател е само посебен малку индикативна, иако реков дека јас не сум против такви средби затоа што се уште не верувам дека има промени во надворешната политика на ова таканаречена Југославија вон Македонија. Се сомневам, можеби немам право меѓутоа јас морам да се сомневам како пратеник, можно е господинот Паниќ и да ја злоупотреби средбата.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Иако цврсто верувам дека господинот Глигоров никако не му дал за право. Иако има некоја намера да пречи во тоа што е заокружување на државноста на Република Македонија и за меѓународното признавање на Македонија.

Можеби друг дискутант и на оваа конференција на ПДП е искажана една недоверба не затоа што не веруваме во господинот претседател, меѓутоа, знаеме дека секоја вистина е фарса на некоја друга вистина, а вистината е најдобра и навистина тогаш кога има и сведоци, па затоа понекогаш инсистираме, не понекогаш туку и секогаш инсистираме на тие средби, иако реков веруваме во претседателот, меѓутоа, не е лошо од тројцата учесници да биде еден Албанец посебно кога се разговара со претставник од, за мене уште таканаречена СР Југославија. Затоа што и ние сме сведоци, знаеме какви се односите, јас можеби имам право да не се сомневам во тоа, меѓутоа, сепак некој ќе се најде кој може да се сомнева не во претседателот, туку во искажувањата можеби и за господинот Паниќ ,

За мене е за поздравување што господинот претседател го поставил прашањето за Косово со господинот Паниќ. Господинот претседател инсистирал и тој да разговара дури и со Сали Бериша, барем така слушнав. Тоа е добро, меѓутоа, иако некој ставови од некои конференции за печатот ги имаме слушнато од господинот Паниќ незнам дали бил должен тој да одговори што мисли тој, како премиер, за овој проблем. Сигурно некој ќе рече, па што сега јас и толку заинтересирани за проблемот на Косово, тоа ќе биде во коинциденција и со самото прашање што го поставил и

господинот претседател затоа што, јас мислам дека и понатаму мирот во Македонија многу е зависен од вистинскиот мир што се надевам ќе го има и на Косово.

Исто така сум на мислеше дека господинот Паниќ, јас не. знам што барал во овие прошетки во многу земји за кратко време, меѓутоа, мислам дека требало да побара помош од овие земји што ги прошетал, меѓу другото, да расчисти со некои идеи кои сеуште се хегемонистички и шовинистички во неговата држава што ја претставува.

Се на се ќе заклучам со тоа, мислам дека и покрај овие мои укажувања, а денеска тоа што го слушнавме и од нашиот претседател, мислам дека и тие разговори се корисни и доста корисно обавени од страна на претседателот.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, сосема кратко, не би сакал да ги повторувам зборовите на повеќето учесници во расправата посебно некои од констатациите на господинот Крстевски. Меѓутоа, земав збор заради тоа што сметам дека е корисно да се разговара заради тоа што е општо познато дека се лежи во дијалогот, се лежи во разговорите, впрочем некои или практично сите и најкрвавите и највалканите војни завршиле со дијалог и разговори.

Сосема е разбирливо дека за се она што значи врвен интерес на македонската држава, за се она што значи основи на нашата надворешна политика треба на време и изворно да бидеме информирани и ние пратениците, како членови на највисокото законодавно тело на Република Македонија кои учествуваат и во фундирањето на основите на надворешната политика.

Друго е прашањето дали на ваков начин треба да дојдеме до таа информација, дали на ваков начин треба да разговараме, дали и колкави се штетите од поедините соопштенија кои се појавија во нашата јавност. Пред извесно да се информираме и дали се во ред некои квалификации на резултатите, пристапот кон самиот разговор кои се појавија веднаш, без да се има целосно согледување и без да се има изворната информација.

Меѓутоа, ми се итни дека проблемот секогаш кога расправаме за вакви прашања лежи всушност во нас, ми се итни дека сите проблеми всушност потекнуваат од самиот наш пристап заради тоа што, не сум убеден и не можам да верувам дека самостојноста и суверeноста на Република Македонија може да се гради и македонскиот народ може да делува и да функционира суверено во услови кога од петни жили од толку многу страни се трудиме да докажеме дека во Македонија има повеќе предавници отколку оние кои ги бранат интересите на македонската држава. Затоа сметам дека и покрај потребата за изворно информирање и покрај потребата да се разговара за се она што е од општ интерес дека е многу битно на каков начин се разговара, до кои позиции се трга во разговорот и какви квалификации се даваат однапред.

Ми се итни, да не ги повторувам зборовите на некои дискутанти, користа од разговорот кој е обавен во Охрид е повеќекратна и дека времето ќе покаже колкава е користа од овој разговор дека немаме друга алтернатива освен да преговараме и разговараме со сите соседи и со сите подалечни земји независно од тоа во какви позиции стојат и дека мора патот да го бараме всушност во преговори и договорот и дека тој пат треба да се продолжи со една напомена за која имам поттик во една од дискусиите искажани од оваа говорница дека не сме требале да бидеме

така начини алудирајќи на тоа дека претседателот Глигоров е евентуално толку начини да наседнува на вакви преговори и разговори и дека всушност сите оние кои сметаме дека нашите раководители се толку начини да влезат во такви разговори во кои ќе бидат надлажани и прелажани всушност самите сме начини ако веруваме дека треба постојано нашите раководители да ги опоменуваме да не наседнат, да не потпаднат под влијание на другите кои се многу полулкави од нас и во таа смисла би сакал да апелирам, иако многу пати и од оваа говорница и на секаде пред нашата јавност е апелирано да се вратиме кон довербата и да не мислиме и понатаму дека постои некој во Македонија кој е подготвен за било какви издавања на најврвните национални интереси и да го завршам тоа што сакав да го кажам со еден цитат за кој не сум сигурен колку точно ќе го цитирам од еден македонски општественик кој ја задолжил Македонија со многу сјајни дела и кој практички спрема сите критериуми кои се испоставуваат и во јавноста, а и од поединци и пратенички групи во овој Парламент га македонштината, сигурно е докажан Македонец кој пред извесно време напиша, незнам дали во "Нова Македонија" или "Пулс" "ве молам да го оставиме човекот намира да си го доврши делото".

Целосно ја поддржувам Информацијата која ја даде и сметам дека информација која што зборува за односи во дипломатијата може само така и никако поинаку да се даде. Се она што го бараме е надвор од таквиот пристап, само ќе и нанесе штети на Македонија само ќе направи поголеми брани за да дојде до контакти кои ни се прекупотребни. Сметам дека треба секогаш да водиме сметка кога бараме информации кои сигурно ќе ги бараме и ќе доаѓаат пред овој парламент на каков начин постапуваме и што со нашите потези може да предизвикаме целосно во односите на оваа млада држава спрема светот во кој има потреба да разговараме.

Посебно би сакал да напоменам дека во се она што се случува во Македонија во последно време, како што рече некој пред мене, главен приоритет се економските односи на Република Македонија, пред се со соседите и пошироко. Спрема тоа, се она што се прави на планот на проширувањето на можностите на полето на економијата на оваа држава која за сигурно ќе се угуши ако остане во рамките на своите граници и која и заради тоа што толку долго време преку седум децении колку била врзана со останатите југословенски простори мора да ги продолжи патиштата за отворање на нови економски односи не само со тие со кои досега живеела и работела, туку и пошироко дека најголемата корист од воспоставувањето на ваквите економски односи со тие со кои до сега постоеја и со новите, ќе ја има само македонската држава и никој друг.

На крајот би сакал да поставам едно прашање до госпоѓица Доста Димовска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, директни прашања не се поставуваат, по Деловникот.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Морам да го поставам прашањето, ќе ви одземам само една минута со оглед на тоа, ви се молам, ние треба да размислуваме за предлогот на госпоѓица Димовска која предлагаше преговарачкиот тим за Мировната конференција во Лондон да биде предлаган од Парламентот, да биде димензиониран од Парламентот и излезе со еден предлог во кој рече дека во преговарачкиот тим треба да членува и претставник на опозицијата. Јас незнам колку ќе зависи димензионирањето на преговарачкиот тим од цела Република Македонија од нејзиното раководство и од Парламентот,

меѓутоа, прашањето го поставувам ако дојде до тоа да зависи од нас да се димензионира и. составува преговарачкиот тим од овој Парламент, дали госпоѓица Димовска сметаше дека треба да има претставник од опозицијата во Парламентот или од вонпарламентарните партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Ацо Спировски.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ми се итни дека малку прешироко отидовме во дискусијата, меѓутоа, и јас да изнесам свои размислувања во однос на оваа допирна точка.

Сепак сметам дека требаше главен акцент на ова Собрание денеска да бидат системските закони затоа што тука ја гледам конкретната манифестација на државноста на оваа држава која ја градиме. Меѓутоа, секако побуден од вашите дискусии во однос на средбата Глигоров- Паниќ сакам да изнесам едно свое размислување кое сметам дека на некој начин ќе биде разбрано во позитивна смисла односно укажувања кои водат кон тоа оваа држава конечно да го добие својот вистински правен легитимитет.

По мене, што се однесува до оваа средба, сметам дека е мошне значајна средба и воопшто не пречи што ете господинот Глигоров и господинот Паниќ сега прв пат се среќаваат, треба да следат уште многу такви средби ако се мисли и се размислува дека треба да се градат меѓудржавни односи како на политички така и на економски план. Во таа смисла ценам дека до вакви средби не само со Паниќ,туку и со останатото раководство треба да доаѓа. Меѓутоа, секако на состојбите што се

случуваат во Република Македонија се јавуваат комбинации односно извесни сомневања во однос на она што е договарано и кажано помеѓу овие двајца претставници на државните раководства.

За мене, секако збунувачки фактор е тој што го добивме очекуваното признавање од Република Русија на еден, по малку чуден начин што сепак нашето државно раководство не даде доволно иницијативи во однос на добивање на нотата од Република Русија, туку тоа го направи една соседна држава на еден чуден начин што таа се јавува како извесен посредник. Ова го кажувам во смисла на тоа што бевме сведоци, а можеме да се потсетиме тоа не е така далеку, кога господинот Блаже Ристовски ја посети Република Еусија каде што по неколку дневно престојување таму ги доби потребните ветувања дека Република Македонија ќе биде признаена. Меѓутоа, откако тоа се случи, ценам дека од ова државно раководство тука се појави преголема пасивност во однос на инсистирање на добивање на нотата. Таа пауза дотолку се изрази што се појави посредно друга земја која на некој начин иницираше да се добие меѓународно признавање. Тоа може да се цени како што сакате, меѓутоа, факт е ни на денешната седница кога се поставуваат овие системски закони и кога се појавуваат одредени сомневања, пред се, мислам односите кои ги гради оваа држава не се крајно дефинирани во смисла на тоа што сепак ние не изградивме институции кои можат пред светот да докажат дека ние пулсираме како една самостојна држава. Така и на денешната седница се случи по незнам кој пат системските закони кои доаѓаат пред овој Парламент да се наоѓа начин и оправдување истите да бидат одлагани односно да не се донесат.

Она што конкретно на светот не му пречи во однос на нашето уредување е токму тоа регулирањето на овие системски закони, пред се мислам на обележјата, мислам на работи од економијата. Тука се кажа дека треба да дискутираме и за економските проблеми, меѓутоа, она што е конкретно направено во Република Македонија, можам слободно да го кажам, конкретно освен полицискиот апарат кој доби многу гломазна форма и каде единствена задача на тој полициски апарат е да го ништи ВМРО-ДПМНЕ кое јас можам да кажам дека лично го чувствувам, но тоа во друга прилика ќе го кажам. Освен создавање на тој апарат друго конкретно не видов тука, а тоа се овие обележја кои верувам дека не пречат никому, мислам пред се на светот освен на една северна соседна земја можеби затоа се наоѓаат начини на нивно одлагање.

Кога мислам на суверена економија, не случајно спомнав дека полицискиот апарат е направен гломазно и служи за една идеја, тој е доста добро награден, меѓутоа, во областа на економијата постои една држава и се формира царинска служба. Тие две значајни служби одат заедно, меѓутоа, во оваа македонска царинска служба каде се манифестира државноста на Републиката не е направено апсолутно ништо освен деградирање во личните доходи и служење со сеуште присутните службени листови од СФРЈ во однос на прописите на увоз и извоз, а тие нормално сега земени од Стопанската комора и од Министерството за надворешни работи, меѓутоа, не обработени во форма да ја дадат државноста на оваа Република.

**АЦО СПИРОВСКИ:** (продолжение)

Сомневањата дотука одат меѓу средбата Паник- Глигоров во однос на овие воспоставени економски односи, добро е ако градиме воспоставени економски односи на тој начин што еве предвидовме 1% царина за стоките кои влегуваат од Бившата Југославија, меѓутоа, дали исти односи ќе воспоставиме и спрема соседните држави, тоа е значајно прашање и во тој контекст одобрувам вакви средби, но она што смета дека ние сме економски навистина самостојни тоа тука сосема одговорно го тврдам дека тоа не е правено во однос на северниот сосед од причина што ние не најдовме заштита на нашето стопанство, на нашиот граѓанин. Еве само како еден пример нека послужи, ќе го кажам банален пример дека ние штитиме друго стопанство увозот со коли, со бела техника итн. Тие присутни проблеми во таа смисла се присутни што јас кажав дека на светот не му сметаат ако ние ги воспоставиме, а тука цело време свесно се избегнуваат Тоа не сметат. Затоа се појавуваат одредени сомневања дека сепак овие договори можат да одат во таа негативна насока, односно во нецелосно неправење на еквидистанца.

Јас реков дека вакви средби, секако треба да следат меѓу Паник и Глигоров, Паниќ што доаѓа од Америка, прочуен е како бизнисмен, камо среќа да воспоставиме такви односи, меѓутоа, забележувам кај г-динот претседател кој воопшто нема воспоставени средби со државното раководство со Република Бугарија. Вие можете да негувате, тоа е тоа јас кажав дека треба да се прави еднаква еквидистанца ако сакаме да правиме навистина самостојна суверена македонска држава. Тоа свесно не го итниме, остварени се контакти со Република Албанија тоа го ценам, со Република Србија редовно се одржуваат контактите, меѓутоа како што

кажав економската зависност е мошне присутна на овој терен. Со Република Бугарија свесно не се чинат контакти, тоа е факт а веројатно контактите со Република Грција остануваат, сепак остануваат да се остварат на начин веројатно пак ќе кажам по претходен договор со контактите со северниот сосед. Така, барем логички испаѓаат работите.

Сепак, ќе скренам внимание на овој Парламент покрај сите овие работи што ги искажав дека ако сакаме конкретно да се докажуваме, да ја докажуваме нашата државност не треба одлагаше на системските закони. Системските закони треба да правиме начин и форма да се донесат токму на оваа седница. Ми се итни ќе има и напуштање на доредени парламентарни групи, меѓутоа, треба сега да се докаже нешто дали сме способни тоа да го направиме , ќе видиме во натамошниот тек во дискусијата.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, мене ми се итни дека многу големото значење и дадовме на Информацијата во однос на дискусијата по Информацијата, така што гледав дека можеби грешам, но намерно на еден начин се пролонгира едни суштински закони, системски закони за да можеме да издржиме.

Ми се итни дека немаше потреба за ваква дискусија ако во средбата Паниќ- Глигоров во Охрид не ни ја репродуцираше г-динот Лапе од Телевизијата и ако ни дозволеше да го слушаме лично г-динот Паниќ. Ние имаме можност само да го слушнеме г-динот Паниќ кога се изнесе и рече дека Вие морате да го промените стопанскиот систем. Тоа можеме само да го регистрираме, а другото бидејќи "не разбираме"  "српски' г-динот Лапе ни

го репродуцираше на Македонски јазик и понатаму не можевме да го пратиме. Јас сакам да го кажам следното. Со каква цел дојде Паник, само еден господ знае. Ако дојде со арно, да му врати со арно господ. Ако дојде со лошо да му врати со лошо. Едно сакам да кажам дека Унија не се прави, господо пратеници со волци и со јагниња. Математичарите можат да кажат дека унија не се прави со волци и со јагниња. Македонија секогаш била јагне. Прво, да застане на свои нозе, а потоа да правиме ние или унија или некоја друга форма на некоја заедница.

Едно треба да расчистиме. Господинот Крстевски кажа дека немаме доверба. Довербата сами си ја создаваме тука . Ние знаеме дека г-динот Паник е претседател на Влада. Спрема Редоследо1 требаше да биде г-динот Кљусев, ако беше зафатен требаше да биде г-динот Ристески, ако е и тој зафатен тука е и г-динот Жута, а по одредена политика тука е и Блаже Ристески. Според тоа ние треба да расчистиме една работа. Кој иде од странство зависно 6д ресорот, тој ресорски дел да го прима., дали претседател на Република; дали претседател на Парламент или претседател на Влада. Според тоа, нека не се буниме во одредени работи и ги кажуваме во суперлативи, интересно е дека српските делегации редовно го бараат г-динот Киро Глир00рв, сега македонскиот народ создава едно одре убедување зошто го бараат само г-динот Кир00Глигоров. Ние треба да расчистиме, знаеме која е Србија. И во тој однос ако немаме доверба во одреден човек, да видиме со каква цел дојде г-динот Паниќ. Дали дојде за економска унија, или за нешто друг. Според тоа како претседател на Влада еве го г-динот Кљусев. Можеше да се справи и да разговара за целосната проблематика.

Една моја забелешка, зошто Киро Глигоров не, го зеде да го однесе во Прохор Пчински токму на 2 август да однесат еден букет цвеќе каде што ја создадовме државноста, да види г-динот Паник во тој музеј сега манџа се дели. Каде е тоа негово да го види а неговите браќа срби што прават од нашите македонски музеи. Мензи прават. А да го ставиме прстот на умот и да кажеме дека секој еден што е дојден е добредојден и да му ги кажеме позитивните и негативните страни, А не да го види езерото и убавините на Охрид. Ние требаше да одиме и да го внесеме човекот да стави еден букет на нашата државност на АСНОМ и го видеа таму каде што ги чекаше Шешељ, барем ќе разменеа некое мислење.

Една друга забелешка, се обраќам до македонската телевизија, јас оваа година, 2 август од македонската телевизија не ја сфатив свечено. Прво, не знам зошто кога го даваа првиот, вториот и третиот дневник немаше цвеќе на нивниот подиум, да се види дека е свечен итн., а истовремено и да осетам дека на јавителите е државен празник да ги сетиме дека се навистина во нешто ново и дека е празник.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, веднаш да кажам дека воопшто немав намера да учествувам во дискусијата во врска со Информацијата на претседателот на Глигоров, во врска со разговорите водени во Охрид. Затоа што сум убеден дека Информацијата треба да се прифати таква каква што е, таа не може ни да се подобрува, ни да се влошува, затоа што таа е една завршена работа и може евентуално во овој случај да важат одредбите на Уставот на Република Македонија.

Токму тука ми падна идеа да дискутирам еден говорник кој рече дека,ѕ сме доживеале во овој Парламент Уставот да го бранат тие што не го гласаа. Бидејќи јас сум еден од нив што не го гласав Уставот ќе се обидам за кој знае кој пак да го бранам. Во таа смисла дозволете ми да парафразирам неколку уставни решенија и одредби. "претседателот на Републиката ја претставува Републиката". "Претседателот на Републиката своите обврски ги врши врз основа и во рамките на Уставот и на Законот". "Претседателот на Републиката го информира Собранието за прашања од негова надлежност најмалку еднаш од годината". "Доколку Собранието смета дека претседателот е одговорен за кршење на Уставот и Законот се покренува постапка за утврдување одговорноста на претседателот". Таа работа се прави со двотретинско мнозинство. Зошто излегов на говорница? Излегов да кажам дека луѓето што тука дискутираат за ова прашање за кое што јас мислам дека не треба да дискутираме прават дигресии, обвинуваат некогаш со повод, некогаш без повод. Едно такво обвинување без повод беше и на говорникот што ми даде идеја да дискутирам. Јас излегов да му кажам дека знам дека не само тој, туку во оваа сала има многу луѓе кои што среќни не се среќни што јас сум тука и не само јас што сум тука, туку што се тука оваа група на крајот таму лево. Меѓутоа, господа, ако сакате да се ослободите од нас треба да предложите како. Ние ќе се согласиме, заправо, јас прв ќе се согласам затоа што не сакам да ви го загорчам дополнително животот кој и така ви е загорчен.

**СТОИЛЕ СОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, ќе бидам краток, нема да ви одземам многу време. Слушајќи го излагањето на г-динот претседател денес во врска со

состанокот со г-динот Паниќ во Охрид. Гледам декана некој начин е дојдено до едно недоразбирање. Но, слушајќи ги после тоа и излагањата на одделни пратеници, поточно од партиите кои имаат свои претставници на тој состанок, знаеме и г-динот Гошев и г-динот Андов присуствуваа на тој состанок со г-динот Паниќ, не можам да се оттргнам од впечатокот дека се бара виновник за тоа што се случи, зошто и како реагираат одделни партии во Републиката. Партиите што реагираат секоја нормално на свој начин, реагираат врз основа на тоа што го слушнаа од Извештајот од Прес-конференцијата по повод средбата што ја одржаа г-динот претседател на нашата Република Киро Глигоров и претседателот на Владата на СР Југославија г-динот Паниќ. Верувам дека телевизијата располага со комплетна снимка од Пресот и верувам г-динот претседател ова што денес го изнесе исто така го има презентирано пред новинарите на Пресот А за добро на јавноста и за љубов на вистината ако Телевизијата располага со комплетна слика од Пресот не е лошо уште еднаш да се емитува таа снимка и да видиме од каде дојдоа овие недоразбирања. Ова го потврдувам и со фактот дека што денес г-динот претседател го изнесе тука коинцидира во потполност и со излагањето на Прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што сите тие предуслови што ги спомна претседателот, поточно ВМРО-ДПМНЕ ги спомна на прес-конференцијата. Новинарите го добија тој текст и можат да го презентираат, а верувам некаде 90% тоа во потполност коинцидира со излагањето на претседателот. Каде е недоразбирањето? Јас верувам дека виновникот, не сакам да ги обвинам средствата за јавно информирање, меѓутоа свесни сме на кој начин ни беше од Пресот презентирано што всушност разговараа г-динот Глигоров и г-динот Паниќ. Врз основа на тоа се јави би рекол

оправдан револт кај,одредени партии и кај граѓаните на Република Македонија. Во тоа е суштината. Уште еднаш би ја замолил Телевизијата ако е во можност да ја емитува снимката од Прес-конференцијата и да видиме што е таму кажано, а што денес се изнесе.

**ДУШАН ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, значи овде пред нас имаме соопштенија на јавните гласила, соопштенија на политичките партии и едно автентично соопштение на претседателот на Републиката. Јас се припомнувам кон автентичното соопштение, заради тоа што политичките партии за одредени прашања си бараат рејтинг, а автентичното соопштение е она легално и легитимно соопштение кое што има и свое правно дејство. Познато е дека во кодексот на меѓународните норми право е на државите и на нивните легитимни претставници за меѓународно движење, за слобода на изразување и претставуваше на суверенитетот на својата земја, како што постојат и други бројни слободи за здружувања, политички, филозофски, економски и сл. Програмите на политичките партии имаат зацртано како едно цивилизациско право проток на идеја , проток на мисла, проток на човек и проток на роба. Политичките партии од ова мислам дека не смеат да отстапуваат заради тоа што и нивните пратеници во Парламентот добија легитимитет и врз оваа програмска определба. Исто така, политичките лидери ги посетија бројни земји и против тоа немаме ништо како едно демократско право.

Политичката волја на граѓаните на Македонија, а и политичката волја на Парламентот е да ја изградуваме Македонија како суверена држава. Мислам дека претседателот на Републиката е суверен на Републиката и негово е уставно право и обврска исто така да обавува разговори се во

контекст и обликувањето на суверенитетот на својата земја. Впрочем, ние знаеме дека имаме само политичка засега сеуште е присутна само политичка волја за изградување и обликување на суверенитетот на Република Македонија. Меѓутоа,со тоа што Македонија е сеуште меѓународно непризната, Македонија нема меѓународно- правна снага. Сите разговори кои што се вршени во контекст на здобивање на Македонија со меѓународна правна снага за меѓународен субјективитет, сместени се во Уставот и претставуваат уставна обврска и право на претседателот на Републиката да работи врз тој проект.

Ние, исто така, се сложивме, а впрочем со тоа и се вклопивме во сите меѓународни норми дека Република Македонија својот суверенитет ќе го изградува со мирни средства, со демократски средства, односно со средствата на мирот. Мислам дека разговорите и дијалогот се такви средства. И тоа влегува во проектот на нашата стратегија за обликување на суверенитетот на Република Македонија.

Суверенитетот ако крупно демократско право е изведено од арсеналот на човековите права и слободи. Според тоа, ние не можеме да станеме бариери и рубикони на секакви разговори кои:што се сместени во проектот на обликувањето на суверенитетот на Република Македонија. Во спротивно, влегуваме во проектот на автосуспензија во исклучителност и отстапуваме од сопствениот проект за обликување на суверенитетот. Не е добро кога велиме разговараме со некого,што не е признаен. Заради тоа што и ние не сме признаени и сакаме низ дијалог и разговор да го доживееме и тој дострел на признавањето на меѓународниот субјективитет на Република Македонија.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Заради тоа што и тој им постави одредени услови, односно бариери за постигнување на нечија желба, идеја, или проект, односно тоа беше условот мир, а гледаме дека сите меѓународни организации тоа го поставуваат како врвна вредност, како главен услов, мир на просторите на кои што сака да се води таков дијалог, или такви високи облици на здружувања. Потоа клучното прашање, признавање на Република Македонија за да може да добие и Република Македонија правна снага за секаков дијалог и за се.какви облици, повисоки облици на здружување: унија, асоцијации и транснационални компанич и слично. Потоа речено е исто така, разговор во присуство на сите. Исто така, тоа е силна мисла и голем проект. Ние не сакаме со други зборови да шепотиме и да разговараме само во четири очи, туку велиме отворено, разговор во присуство на сите што се за повисоки облици на здружување. ЈСГ^ или се критикува проектот сојуз на суверени држави. Па на крајот на краиштата ако една политика, една дипломатија успеала низ одредени проекти да го изведе мирот во Македонија, јас мислам ние немаме никакви аргументи да ја оспоруваме таа политика.

Се согласувам со бројни дискутанти кои што се произнесоа околу разговорите, меѓународната конференција во Лондон за Југославија дека треба да ја иновираме и да изградиме платформа и да одредиме одредени постулати врз база на кои што тие разговори ќе "се одвиваат па да не би дошле пак во ситуација на меѓусебни^и непотребни обвинувања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор?

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство после вака обемно излагање и извештаи што се дадоа на овој Парламент јас си поставувам и неколку принципиелни прашања.

Прво, се прашувам дали ако претседателот на Републиката во текот на овие денови имаше три, или четири средби ќе требаше три, или четири дена, или три, или четири недели ние да заседаваме овде за да расправаме што е речено и како е речено.

Второ прашање си поставувам прашање дали претседателот на општината пак треба да го носи овој Парламент од своите преговори за да навистина ние веруваме во него, или немаме сомневање во неговата работа.

Прво, мислам дека овој Парламент треба да биде многу поефикасен и би било навистина контрапродуктивно и занемарливи ќе бидат носењата на законите што>се на дневен ред, што ние сега треба да ги расправаме овде ако ние цело ова време го потрошивме практично за расправање во врска со информацијата од разговорите на претседателот на Републиката со Милан Панич.

Второ, мислам дека Парламентот во стратегијата во водењето на својата политика треба да води сметка дали овој Парламент води принципиелна политика и дали раководството практично ги почитува принципите во водењето на политиката на овој Парламент. Јас мислам дека досега барем раководството и претседателот на Републиката ништо не изменил од стратегијата и водењето на една принципиелна политика во која што е заговарано практично една стратегија на комуникација на луѓе, материјални добра и мисли. Мислам дека тоа е сосема оправдано. Јас мислам дека на крајот сепак треба да ги отстраниме сомневањата и недо-

вербата во водењето на вкупната наша надворешна политика, а посебно недовербата во претседателот на Републиката, затоа што навистина на тој начин ние би го лимитирале неговиот политички однос во заземањето на повеќе политички ставови што треба да се донесат во одредени моменти.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, навистина ми е жал што претседателот на Републиката не е тука, а пред него сакав да одржам некоја мала беседа. Меѓутоа, побуден од претходните дискусии не сакав и јас да дискутирам, меѓутоа доведен сум во таква ситуација.

За она што беше средба, или случај, за мене обична политичка декаденција и не сакам да се впуштам во тоа. Меѓутоа јас сакам да укажам на фактот што одредени дискутанти овде потегнаа едно правење, меѓутоа не дадоа конкретни предлози. Јас сакам да дадам еден конкретен предлог во овој Парламент и од денес практично да почнеме да работиме и да го реализираме тоа. Всушност за што станува збор? Сите сме сведоци откога дојдовме во овој Парламент до денес дека навистина ние наместо да градиме едно единство, наместо да градиме една заедничка доверба, ние изградивме недоверба, недоверба на Владата, недоверба на претседателот, недоверба на министри, недоверба помеѓу пратенички групи, недоверба во народот и тоа го кажувам заради тие сознанија што гк има надвор, од народот, од базата, од луѓето каде што се движиме по овие сега средби, манифестации итн. Недовербата е посеана и ние не можеме повеќе да го залажуваме нашиот народ дека сме светци, или сме некои месии пуштени од бога да го спасуваме овој народ. Ние како пратеници, како политички врв, како Влада сите треба да си одиме безусловно. Но, за

да го сториме тоа од денес треба да донесеме еден заклучок дека прво, треба сите овие системски закони што ни беа како товар и обврска и наша морална обврска да ги донесеме во најкраток можен рок, меѓутоа да се договориме сите да работиме заеднички со иста цел на тие закони и да ги донесеме што побрзо. Исто така, како второ прашање, но кое јас го ставам и како прво, мора да ја поддржиме иницијативата на претседателот на Републиката Киро Глигоров. Тој овде и самиот укажа дека одредени слабости покажа во неговата работа за време на овој негов мандат. И тој рече дословно овде пред сите нас: "требало итна постапка да се донесе законот за избор на претседател, да се извршат претседателски избори во Република Македонија, па да се донесе тој закон за избори во Република Македонија и конечно да се стави крај на сета оваа макотрпна и исцрпувачка наша работа. И да не се надмудруваме, ние изгубивме, тотално изгубивме се и како луѓе од психолошки аспект повеќе никој ништо не ни верува што и да кажуваме. И овде цел ден ова што го трубиме нема повеќе што да го залажуваме народот. Затоа мора да дојдат други, мора да дојде друга власт, друго раководство и да се продолжи работата со еден нов елан, со нови односи, инаку нашите се затруени и јас не гледам перспектива. И апелирам до сите вас, јас прв ако треба ќе се вклучам во сите овие закони да се донесат во најможен оптимален рок, да се извршат сите работи во Републиката и да се изврши трансформација во поглед на власта. Да ви кажам само еден пример, во Хрватска веќе втори избори се вршат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор?

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувани пратеници, се споменува моето име. Јас сакам да изјавам дека Кабинетот на претседателот на Владата на Македонија не доби никакво писмено барање дека ќе дојде премиерот на СРЈ. Според тоа, мене не ми е познато како течел протоколст околу неговото доаѓање. Важно е што мојот кабинет немаше добиено ништо официјално како што беше случајот со романскиот и бугарскиот премиер. Значи во мојот кабинет немаше никакво писмено барање од премиерот на СРЈ. Инаку, морам да ви кажам, нормално е при вакви доаѓања да има и некоја платформа, некој список на проблеми за кои ќе се дискутира. Ова посебно затоа што сите вие видете колку сте преосетливи кога станува збор за дискусии со нашите соседи. Можеби ние сме и оптоварени, можеби малку сме и политички фрустрирани, штом се допре разговор со Србија, со Бугарија, со Грција, со Албанија, веднаш постои преосетливост. Јас се сеќавам како извршивме една задача на претседателот на Републиката кога минатата година во септември отидовме како делегација во Софија и во Букурешт да се спротивставиме на доаѓањето на Бугарија и на Романија во Атина за да дискутираат за судбината на Македонија. Уште не стигнав во Скопје, радио Скопје и господинот Јосиф Куричев говори гласно "кој му дал мандат на претседателот на Владата да оди во Бугарија без министерот за односи со странство" и потоа почнаа оценките "кој е тој Кљусев што ја продава Македонија на Бугарија". Вие сте свидетели на тие работи. Сега правиме вакви работи кога станува збор сега со Србија. Знаете што ми се препишуваше кога отидов, прво зошто не отидов со Божович, па кога отидов, е сега отиде затоа што блокади. Според тоа немојте да бидеме оптоварени. Дајте работите да ги одвиваме со едно нужно доверие да се пристапува дека ништо не може да се сокрие. За мене е само енигматично

зошто така брзо побара господинот Панич да дојде, зошто така сериозни проблеми како што е економска унија, културна унија, па и видување да речеме на еден таков сојуз на балкански држави што претставува еден мошне крупен проблем за да се покрене од еден премиер таква иницијатива, па треба да има некој писмен документ за да се подготви секоја делегација која ќе биде посетена како држава. Меѓутоа можеби таква е природата на човекот, тој проструи за еден два дена во три држави и се случи она што се случи. Јас бев по телефон известен ме барале од службата во сабота попладне дека ме барал претседателот Глигоров. Јас лично не се чувствував тогаш добро и не бев дома. Побарав во Скопје што е, немаше само чув од еден службеник дека во протоколот, шефот на протоколот го барал господинот Гошев, нормално сигурно и мене ме барал. Според тоа, не треба да бидеме оптоварени. Јас бидејќи не добив ништо и бидејќи како претседател на Владата не добив барање дека го примам, јас и инаку немаше да присуствувам на тој состанок. Според тоа не доаѓа во предвид да присуствувам на состанок за кој не знам што сака, како сака и мене не ми се обратил. Тоа е мојот став. А сега дозволете да ви кажам. Протоколот мене и Владата, потесниот кабинет ме исклучи од покани. Дојде господинот Херт од Англија, јас не бев поканет, дојде заменикот министер за надворешни работи на Русија, донесува нота, Владата е таа која нормално треба да биде, бидејќи се работи за меѓудржавни односи, господинот Малески оди, а јас и не знам дека доаѓа заменикот министер и не знаев дека се дава нота во Македонија, дека се признава Македонија. Тоа го чув од радиото. Понатаму не бев поканет да присуствувам на разговорите со делегацијата од Меѓународната банка. И на крајот морам да

ви кажам тој протокол си дозволи такви работи што воопшто не контактира со мене. Станува збор за конференција за југословенското прашање во Лондон. Нашата Влада таква работа не знае. Ние воопшто сме исклучени од таква работа. Според тоа, ако одиме таму нормално Владата требаше да разработи концепт, стратегија на определби за што ќе се бориме таму. Илузорно би било да одиме и таму да бидеме само статисти. Тоа е мошне сериозно прашање. Како што бев изненаден дека уште порано добила Владата, Министерството за односи со странство писмо од Мок и изасланик негов во Скопје, а Владата не го знае тоа. Таквите работи го покажуваат следното дека би требало во иднина подобро да се организираат работите спрема разграничувањето на надлежностите во духот на нашиот Устав. Што е тоа што припаѓа во надлежност на претседателот на Републиката, на Парламентот или претседателот на Собранието и претседателот и Владата. Такви разграничувања мора да постојат, затоа што ние сме менливи, ќе дојдат други, но создаваме правна држава. Инаку ваква свита претседател на Република, претседател на Собрание, претседател на Влада тоа ме потсеќа кога од Белград доаѓаше севозможниот водач Тито и тука сите метанич ќе ги правиме. Станува збор министер со министер, претседател на Влада со претседател на Влада, претседател на Република со претседател на Република. Мене не ми е јасно зошто се поканува на такви седници претседателот на Собранието. Тоа потполно не ми е јасно. Тоа е работа во стариот стил, тоа е законодавно тело. Оперативната политика ја води претседателот на Републиката и претседателот на Владата со Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор?

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, ќе бидам сосема кратка. Се јавувам за да го искажам своето неслагање со еден овде искажан слободен став дека признавањето на Русија не не израдувало доволно заради околностите кои му претходеле. Сакам да кажам дека тоа не е точно. Радоста на нашиот народ е голема заради овој чекор кон нашата општа цел, а кој ни го помогна една братска словенска земја. И голем итн за сите оние кои ги дадоа своите животи за својот голем идеал самостојна и независна Македонија. Што се однесува за тоа кој беше импулсот за тоа признавање, работата може да биде и токму спротивното од она што го кажа овој пратеник овде на говорницата. Шест, седум дена порано Македонија беше известена по разни канали за ова признавање од страна на руската Федерација. Ова е панична турнеја на господин Панич траше се на се 17 часа без официјални, нормални најавувања. Беше резултат и можеби резултат на оваа вест дека Македонија ќе биде призната беше и оваа паничност на оваа турнеа. Таа и никој не ја сфати сериозно, а Албанија ја одби несакајќи да прифати набрзина ништо без претходна оценка за успешноста на неговата мисија а како што знаете светскиот печат ја оцени како неуспешна и во Романија и во Софија. Господин Панич не може да има легитимитет за вакви разговори се додека неговата држава води војна и може само да ја девалвира високата благородна идеја за балканска федерација поставувајќи ја на овој начин. Останува нашата борба и нашата активност за нашето меѓународно признавање до крај и во врска со ова како многу поважно од ова се досега што дискутиравме јас би имала две прашања до министерот за надворешни односи.

Првото е што се стори во овој месец ипол за да се зголеми и зајакне тимот кој работи на признавањето на нашата земја бидејќи за ова

пледираше и Собранието и целата македонска јавност. Тоа е првото прашање.

И второто прашање поконкретно, дали се превземени некои поконкретни чекори и активности во врска со довршувањето на процесот на признавање на Македонија од страна на Литванија, апсолутно било што, вклучувајќи и телеграма за благодарност за итност на Собранието на Литванија.

тврдам, немаме граница на север. Се врши невиден одлив на девизи на север, преку ноќ, со една, со две тури извршен шверц кон север. Понатаму со некои свои потези, а морам да признам дека допринесуваме и ние во збунувањето на јавноста во Европа и во светот со нашето однесување. Еднаш зборев јас овде од оваа говорница за спортистите кога барав да се повлечат од југословенските лиги. Многу работи што ги кажав во прилог на тоа бунење на светската и на европската јавност, сеуште држат. Јас пред два дена добив писмо од Прилеп, добивам писма од Битола, добивам писмо од Скопје во Скопје, и на сите нив постои печат Југославија. Пасошите со кои....

**МИТКО АТАНАСОВСКИ:**

(од место зборува покажува коверт на кој постои печат Југославија).

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Добро ова е се во прилог на тоа што го велам.,Па се уште нашите граѓани патуваат со пасоши на Југославија. Па дури трагедијата да биде поголема при несреќата авионска, Сојузната контрола на летање од Белград доаѓа да изврши увид бидејќи таа дава дозвола да авионот да лета над една суверена и независна држава. А таа истата, сојузна контрола е под санкции од 00Н со резолуцијата 757. Нашите автомобили сеуште се регистрираат со југословенски знаци со онаа ЈУ се возат низ Скопје низ цела Македонија итн. итн. Мислам дека ние со сите овие ситни работи придонесуваме за збунетоста, според мене, да ја буниме јавноста во Европа.

Би сакал да кажам и за моментот на посетата на господин Паниќ. Јас сум и секогаш ќе бидам за дијалог со сите и на сите можни теми, но дали беше вистинскиот момент господин Паниќ, сега ние да го примиме во Македонија, и тоа на највисоко ниво. Факт е дека ние пак ќе кажам што

реков и на почетокот, се изгоревме неколку пати и последнава година со однесувањето на Србија. Премиерот во оставка господин Кљусев каже дека беше злоупотребен, поканет во Белград кај српскиот премиер, само дек или два пред изгласувањето на санкциите. Дали и оваа посета на господинот Паниќ не е од таа природа да придонесуваме кон збунување на европската јавност пред Лондонската конференција за Југославија, која според мене е од исклучително значење за Југославија и дури е личен мој став, е од рангот на онаа букурешката конференција, кога ја расправија Македонија 1913 година.

Јас не чув дека господин Паниќ ни го честита 2 август нашиот национален празник. На тој ден беше овде. Во исто време кога господин Паниќ беше во Охрид, еден друг војвода, триумфално се шеташе во манастирот Прохор Пчински во нашата најголема национална гордост.

Исто така моментот, дали беше вистински^; според мене и фактот што Македонија сеуште не е призната од светот а таканаречената СРЈ е под санкции од 00Н.

Во потполност го прифаќам и искажаното за реципроцитет во нивото на посетата. Ако дојдеше господинот Добрица Косиќ, како претседател на Република Југославија, јас потполно разбирам за нивото и нашиот претседател да го прими. Но, во овие услови, јас мислам дека требаше исклучиво премиерот па макар и да е во оставка господинот Кљусев да разговара со господин Паниќ. Тоа е мое лично мислење.

Исто така би сакал да кажам и за моралот на господин Паниќ збор два. Факт е дека испадна дека тој нас овде не лажеше за неговата посета во Бугарија и колку е вистина незнам, во дневниот печат пишува лека тие

нас ќе не признаат мислам на СРЈ но под услов ако влеземе во економска унија со нив. Повторувам, незнам но тоа го има во нивниот печат. И ако е тоа вистина, јас сум против тоа ние да бидеме признавани со било какви уцени.

Исто така и за идејата за балканската федерација која навистина е стара и општо прифатена што се однесува до мене, но јас мислам дека се додека Македонија не бидеме меѓународно призната, зачленета во 00Н, за да живее како вистинска самостојна држава сум против било какви сојузувања од причина што не предупредува нашата историја, за аспирациите на сите наши соседи вклучувајќи ја Србија, Бугарија и Грција. Исто така сум за оваа федерација балканска но под услов на иста маса во исто време да седнат сите претставници на овие држави што ги кажа господинот Паниќ и од Бугарија, Романија, Унгарија итн.

На крајот ќе кажам господа јас навистина бев изненаден од искажаното на премиерот во оставка господин Кљусев дека тој не знаел за писмото на господин Мок и за неговиот личен пратеник кој престојуваше овде во Македонија. Несфатливо е премиер кој во тоа време беше односно не беше во оставка да не знае за такви два значај ни документа и за една таква значајна посета.

Господинот Ханџиски кажа да внимаваме на тајноста. На минатата седница господинот Малески исто така се повикуваше на тајноста во дипломатијата. Секако јас ги прифаќам тие аргументи но под услови таа тајност да не се злоупотребува за уништување на личности овде во Македонија. Нема потреба да ги именувам. Ова го кажувам од причина што мислам дека внатрешната демократија во Македонија ни е нужна и нужен услов ако сакаме да напредуваме како држава и да бараме асоцирање во сите европски асоцијации.

**СТОЈАН АНДОВ: .**

Има збор Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мотив да се јавам за дискусија ми дадоа последните две дискусии, и сакав да ве замолам, тоа беше основната причина, покрај мотивот од инспирацијата од овие две последни дискусии, како парламент да си ја гледаме нашата работа .Ние овде расправаме три дена за меѓународната политика и денеска цел ден го потрошивме за средбата на претседателот на Републиката со претседател „на Влада на СРЈ и тоа по барање на претседателот на Владата на.-^£РЈ господинот Паниќ. Прво дали навистина треба да одбиваме секакви контакти. Ако не разговараме, алтернативата е друга. Ако нема дијалог има разговор, меѓутоа, на друг начин, како што се разговара на просторите на бивша Југославија. Ако сте за таа алтернатива молам!

Второ, кога говорам да си ја гледаме нашата работа ние донесовме устав во кој што јасно напишавме дека градиме систем на поделба на власта, па точно напишавме што функции има Парламентот, што претседателот на Републиката и што има Владата. И ајде да си го почитуваме уставот за нашиот дел од работата. Според тој устав го прочита овде господинот Абдурахман Алити, Собранието има право само да ратификува спогодби и договори, да склучува или да излегува од спогодби за федерации и конфедерации и тоа по барање, ако има предлог од претседателот на Републиката,од претседателот на Владата или 40 пратеници. Тоа е функцијата на Собранието и ништо друго. Претседателот на Собранието, претседателот на Републиката го известува Собранието најмалку еднаш годишно за прашања од неговата надлежност. За прашања за кои ние сметаме можеме само да побараме мислење од претседателот на Републиката. Ние овде тогаш, три дена, а сега уште еден ден

расправаме за она за што ние како собрание не сме надлежни. Ние имавме систем на единство на власт во собранискиот систем кој што еве досега до овој многупартиски систем владееше. Сакате ли пак да имаме систем на единство на власт, или систем на поделба на власт. Нема, во системот на поделбата на власта, некој да има малку повеќе власт а друг да има малку помалку власт. Тој си е носител на тоа, ние сме носители на законодавната власт, за извршната си е претседателот на Републиката и Владата. И тоа се чисти сметки. Точно е дефинирано. Не можеме ние сега да бараме постојано претседателот на Републиката за секое прашање овде нас да ни реферира и тоа го немаме во право според уставот. И со какво право? Ако сметаме дека треба да се политизираат определени прашања, тоа е сосема друга тема. Дајте и за тоа да разговараме. И да ми простите јас ќе си земам за право да кажам, али со начинот на кој што ние расправаме во овој Парламент, за значајни прашања со кои заокружуваме економски систем, политички систем, не можеме да обезбедиме 63 пратеници овде. За платите кренавме рака овде и по итна постапка го донесовме овде законот. За меѓународната политика расправаме три-четири дена. Јас мислам дека, зар не чувствувате дека повеќе личиме на елементарна непогода како Парламент за Републиката. Ако не си ги дефинираме точно нашите задачи, молам ова што беше што го рече господинот Котевски, јас го поддржувам. А такво е чувството. Нека ги сондираме јавните мислења на сите, на сите категории. И се инсистира на ефикасност овде на работа на Парламентот, а еве ние од 10 часот расправаме за работа што не е во домен и наша надлежност. Уште се бара и стенограмата да се напише да се умножи, да правиме анализи, па дали рекол ова или рекол она претседателот на

Републиката. Тоа е негово право. Тој има право да разговара со сите државници, по нивно барање или по барање на претседателот на Републиката. Ако сметаме дека греши ги надминува рамките на своите овластувања според Уставот, да го поставиме на дневен ред според Уставот на Уставниот суд и тој ако ја утврди одговорноста претседателот на Републиката треба да си оди. Јас сакам да ве замолам да го почитуваме Уставот и бидејќи овдека никој ниту имавме информација ниту имавме иницијатива да стапуваме во сојуз, а ние овдека расправавме како веќе да влегуваме во конфедерација, во унија па имаме платформата елементи за тоа. Од еден разговор, и тоа по бараше инцидентно барање да се сретне, да размени мислења ние овдека направивме политики проблем. Според тоа ве молам ние да се држиме на уставните овластувања на Парламентот и она што си е наша функција и задача, тоа да си го завршиме, она што си е на претседателот на Републиката, на Владата, нека им остане нив и на министерот за односи со странство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде секогаш сме по се изгледа мајстори секој ден да најде некој оправдување дали вака или онака. Ова што го говореше господинот Петковски ќе го земам како епизодна работа во своето излагаше. Ние господо усвоивме дневен ред во кој стои "Информација на претседателот, господинот Киро Глигоров за разговорот со господин Паниќ". Парламентот сакајќи или несакајќи направи материјална расправа што значи дека не сме направиле пречекорување. Тоа е доволно да се совпаднеме со уставните овластувања, меѓутоа, основно што сакам да кажам овде е да не правиме навистина нешто што е добро или лошо. Некој човек одлучил на денот на нашата слава, празник, 2-ри август ни дојде во посета добро ни дошол на гости нека идат. Ние ќе го пречекаме и се, меѓутоа, кога станаа и разговори, така било на секое место па и на славење, тој знаел дека ќе дојде на таа слава, го примивме, меѓутоа, што ми е на мене како на човек остави многу лош впечаток. Од правилото политичар не треба да биде искрен, треба да настојува да докаже нешто и да биде разбран овде тој Паниќ не можеше како политичар да ни докаже да му веруваме. Што? Прво што беше обраќајќи се на господинот Киро Глигоров вели јас ќе се залагам Сојузна Република Југославија да ја признае Македонија помеѓу другите републики. Меѓутоа, тој господин Паниќ заборавил на едно овластување од тој Устав на Сојузна Република Југославија во кој стои токму тој да врши признавање. Јас ќе му верувам на него дека дошол со искрена намера да разговара и да ја почитува Македонија како држава ако рече јас како претседател на таа Влада овој момент ја признавам Македонија. Дозволете, тоа бере. дали тој

уверува или не уверува, меѓутоа да се залага, кај кој господинот Паниќ ќе се залага, кај себе? Тој треба да јас признае Македонија, тој. И ќе се залага сега кај себе да ја признае Македонија. Ова е што не требаше да му веруваме. Останатите односи, како биле, што биле, по кој основ колку се разговарало, што се разговарало нека се разговара а интересите ние ќе ги видиме. Јас, ако се сеќавате, од оваа говорница на оние наши претставници кои ги овластуваме за преговарање не ги ставив да имаат улога на поштар, туку да разговараат и да ценат што ќе направат во Тоі, момент. Што е најинтересно и корисно за Македонија. Тој разговор така ќе го сфатев ако Паниќ беше дошол со таква намера. Меѓутоа, прво доаѓа и вели по Букурешт и Софија оваа моја иницијатива е потполно поддржана. Од таму тие велат дека тоа е куртуазна посета. На нас ни доаѓа како гостин на слава и вели дека ќе се залага да не признаат, а тој што треба да не признае е тој. Тоа се фактите на основа на кои ќе треба да ја цениме сега искреноста на Паниќ. И уште една работа, истиот ден во таа Сојузна Република Југославија се праќа Шешељ во Прохор Пчински да дочекува како ќе се слави на него.

Меѓутоа, господинот Шешељ изгледа заборавил едно. Македонската фаланга до денеска не е пробиена. Го пуштив на пат да влезе во празно. Ако е, како тие велат, Прохор Пчински нивни кој им беше, секоја година до минатата година на тој Прохор Пчински. Годишно не било помалку од 10 илјади гости, а оваа година беа 5. Затоа што на Шешељ му е вратена мацолата, како што пишува српскиот печат, со која имал намера да го руши музејот на АСНОМ. И на тој Шешељ, околу 20% се пратеници од неговата партија во таа Сојузна Република Југославија од која Паниќ како

претседател на Влада ќе се залага да ја признаат Македонија, а неговите претставници во тој Парламент велат дека не постои дека Македонија е измислено име. Во тоа треба да се цени дали сме искрени односно дали треба да ми се верува или не.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас само во делот на Тито Петковски, излагањето со кое се дава впечаток дека ние пратениците како прво не си ја знаеме работата и во другиот дел го негира, да не се однесуваме пратениците во однос на поделба на власта. Јас сметам исклучиво тој не се однесува во однос на поделбата на власта, тие лекции што ни ги држеше можеше да ги усмери према претседателот на Собранието, господин Стојан Андов да не оди на преговорите во Охрид со тоа да си остане во средината каде што беа манифестациите, или во друг дел на Македонија. Инаку, целокупното раководство се концентрира на приватната посета на Паниќ. Не навлегувам во протокол но сметам дека ние си ја знаеме работата и како пратеници можеме да одговараме само пред избирачите. Тој треба тоа да го знае и претходно да го усмери према претседателот.

Друго, бидејќи нашиот претседател беше присутен нас преговорите, тој како наш шеф можеше да ни даде излагање. Затоа што шеф на Републиката ни е претседателот Киро Глигоров, а нас непосреден шеф, уште повеќе ги помешавме работите. Во таа смисла, овде не сме сите професионални политичари, нити треба стручно знаење да бидат пратеници. Пратениците имаат право неограничено да си го кажат своето мислење, меѓутоа, во Претседателството тие укажувања да ги дава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Митко Анастасовски по втор пат.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И по трет пат ќе дојдам, и по петти пат ќе дојдам. И по стоти пат ќе дојдам додека сум жив. Фрчковски не е тука. Само бог да чува од него, од него треба да се чувате сите. Јас не влегувам во полемика. Ви благодарам господине претседателе, постар сум од вас.

Владата не повикана, господине претседателе, а и господине Тито Петковски дали не сме контрадикторни во излагањето. Ако не решава Парламентот ништо што седиме тука. Тогаш да си одиме. Ако Владата не се повикува клучот на канцелариите и дома. Ако Собранието, Претседателството ги земе сите одговорности наши па тие нека седат тука. Не може така. Или сме слаби па не излага тој Паниќ, не сме дораснале да водиме политика, во тоа не сакам да навлегувам, не сакам да ве навредувам господине претседателе, или пак нешто друго се крие околу таа игра. Ако таа игра, не дај боже, се оствари и тој што им верува многу на тие луѓе и тој човек треба да си го бара местото уште до сега. Значи нашето завршило. Јас кога влегов во Парламентот, радосен бев, не сакав да ви ја спомнувам химната, задоволен сум што ја прифативте сите, меѓутоа, да ви кажам отворено ве мислев сите пријатели и така ми останавте во душата. Најискрено ви говорам. И така ве имам. Меѓутоа, од другата страна кога ќе го вртам филмот гледам дека вие мене не ме сакате.

(Те сакаме, те сакаме).

Вистина не ме сакате. Знаете зошто не ме сакате мене. Малку ќе избегам сега од темата, за да ви ја олеснам тежината кога влегов во

Парламентот, за химната ви благодарам, ваша е химната, моја, на сите нас, тогаш можеби беше еуфорија, секој мислеше дека ќе направи нешто и ништо од тоа, добро сега што е така и се надевам дека ќе биде и понатаму. Јас кога влегов во Парламентот реков, господин Пановски рече дека е основач на Илинден, не те вреѓам со тоа, секој има право да си припадне со една партија за која смета дека ќе придонесе за доброто на Македонија, за државата. Јас како многу млад припаѓав на една партија која сами ја стваравме, ВМРО- обединета. Јас ниту се фалам, ниту се кудам, ниту сакам да знаете дека јас го дадов животот за оваа земја, за оваа татковина, не сум ни Бугарин, што ме напишале некои џандари грчки, дојдоа тука, зедоа пари, големи пензии и имаат право да го нападнат и Киро и мене и Пановски и Кљусев и други и трети, затоа што тие ја користеа државата. Меѓутоа, пазете една работа. Јас дадов се што можев. Во еден разговор во Секретаријатот реков дека јас се фрлив од 7 метри висина и тоа треба да го слушне Македонија, затоа што може сум еден од последните на ВМРО-обединета, еден од организаторите. Кога се фрлив одозгора да се утепам во затворот, јас не викнав, оставав 4 сина сирачиња, не викнав јас "нека ми се живи децата". Не. Јас викнав "Да живее Македонија" и се пуштив. Да, да драги пријатели, не ве прамаз, сфатете го, ве сакам. И ве молам, да не тргнуваме понатаму. Немој да не лаже ни Србин, ни Бугарин никој. Ако не признаваат како такви, какви што сме, ќе им подадеме рака, но прво тие треба да си ги поправат грешките што ги правеа досега. И ќе видите дека нашиот народ е многу мирољубив, и дека е многу добар, ама и ние сега нашите грешки треба да ги поправиме, затоа што веднаш иде другото прашање.

Па добро бре луѓе, вие сте 2 години тука, што сте направиле. Ајде за признавањето не не признаваат, ама ние направивме и хаос во државата. Кој тоа може да ни го опрости. Никој. Затоа сакам да кажам уште два три збора.

Да ја заборавиме сите ние демагогијата, било од која партија. Демагогијата е многу страшна работа. Демагогијата е многу тешка работа. Демагогија према еден народ и према повеќе народности и други кои живеат во оваа земја е многу тешка работа. Значи, демагогијата е лага.

Друго, сите ние помладите треба да работите од нас да останете повеќе, за признавањето на Македонија и отворена борба према секој кој е против Македонија. Не со пушка, не дај боже, со збор. Искрено. Демагогијата штом испадне, си искрен. За униите, за другите работи секој си има своја содржина, добро кажа господин Петров и во тоа ние не навлегуваме затоа што уште немаме држава, но имаме нација во тоа поднебје. Никој не мора да не признава на крај краишта такви какви што сме. Ние сме признати. Ние треба да пробиваме, ние сега да признаваме па да не признаат. Не треба да се врши тоа расштемување на овластувањата и некои да не фрла како скршена стомна, а уште е здрава, а некоја скршена да се лепи па да се носи вода. Не. Според Уставот се знае кој е претседателот на Републиката, Собранието си ги знае своите должности, а Владата е таа која треба да ја води политиката. Ние не бараме од претседателот на Републиката секој ден да иде тука да ни реферира ова и ова направив денес. Не. Тие компетенции ги има Владата. Владата треба да биде присутна во сите сфери на животот на државата и надвор од државата. Господинот Малевски избега, но една забелешка за господинот

Малевски. Ми падна в очи завчера признавањето на нашата држава од една голема земја со повеќе националности, од Русија.

Човекот дојде весел, оди кај еден домаќин кој мисли дека ќе го прими убаво. Влегува внатре човекот, јас така ја гледав сликата и многу ми е жал затоа што јас може би сум малку мешан во работата но прво сум славјанин, господинот што го чекаше човекот требаше да биде достоен на човекот што влегува и сака да го признае. Оди во куќата да му помогне. Господинот Малевски кој ри извади акредитивите, тоа се ситни работи, но за политичарот така франк, треба да знае тој дека треба да го поздрави и да му го даде акредитивот за признавање на Македонија. Како ние да ја признаваме Русија, а не Русија нас. Така мене ми се виде работата. Му го дава писмото, акредитивот, го става во масата, пазете една работа сега, тие се 100 на 100 поматени од нас, не од сите нас, од мене се поматени и не му дава ни рака. Писмото си остана таму, сиромавиот сега се смее, како сака да го предупреди јас ти давам леб, не ти фркам со камења. Јас ти давам очи, опули се. Не, не. После ја видов кај господин Глигоров сликата беше малку подруга, се ракуваа, се строија, а господинот Малевски остана индиферентен. Значи, те моли да те признае. Те моли Русија да те признае, место ти да ја молиш, тој се моли и не му даваш една чаша вода. А таа слика мислите не шета, не оди надвор? Оди. И овој разговор што го прави Митко Анастасов и тој оди надвор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

Меѓутоа, овие се сериозни државни работи и од сега ве молам, претседателот на Собранието да си го земе Правилникот и Уставот ч работата да ја тера според Правилникот ч Уставот. Пратениците се знае, немаат ограничувања можат овде да зборуваат 24 часа ако сакаат а другите да го слушаат или некој пак ќе излезе. Претседателот на Републиката си ја знае својата работа, а Владата е должна и е таа која ќе ги носи овде законите а ние ќе ги потврдиме, а ќе ја врши внатрешната и надворешната работа. Ако така не направиме ние не сме направиле ништо за овие две години. Видете, да ви кажам една работа, да® зборувам не како Митко, јас зборувам како човек кој целиот народ, можеби господ ми дава така крст, извинете вие од муслиманската вера, ч ми рече вака , ќе дојдеш овде ќе ја кажуваш вистината ч ќе бараш она што си го барал од дете. Јас и на претседателот сум му рекол ако не исфрлиме од нашата мисла секоја сатанска задна мисла не можеме ние да одиме напред. Државата се сака како што се сака семејството. Ако не го сакаш семејството, држава не сакаш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор господин претседател Киро Глигоров

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Повеќе е установен обичај во овој Парламент по секоја тема обично се дискутира така да секој што има во торбата изнесе да се искаже, тоа веројатно е право на секој член на оваа куќа, не е мое за тоа да судам, но бидејќи барав да се стави оваа точка на дневен ред, да ве информирам само во врска со она што е сврзано со таа информација, сакам неколку коментари.

Прво , мора да ви е чисто јасно и да не се манипулира дека се воделе преговори ч договори. Тоа се намерно употребува ч потврдува за да се каже дека нешто се направило за што не постоело овластување. Се воделе разговори, информативни разговори ч тоа што било на тие разговори ч јавно е соопштено она што е сукус од тие разговори, а денеска чувте речиси се она што може да биде значајно. Не читав ништо друго освен од оние места коч се битни за вашето информирање од забелешката што е направена од тие разговори. Според тоа нема ништо друго, се разговарало,тој изнесе како гледа на работите, вие чувте што ние одговоривме и состанокот се заврши. Тоа е резултатот на тој состанок. Треба ч тој да размислува за тоа ч ние да размислуваме по повод на тие разговори , што се сакало, како се сакало итн., но нема никакви преговори, а уште помалку договори или пак беше тука спомнато од еден пратеник господин Положани го рече тоа веројатно дали тој збор го употреби има и некои други скриени работи. Нема никакви скриени работи. Ни по тој повод ни по било кој друг повод каде што се изразуваат сомневањата дека можеби за нешто друго се работело итн. Во денешно време почитувани пратеници се состануваат луѓето на телефонски разговор, се состануваат по договор да се сретнат вечер, утре на пладне итн., белким гледате како врви светската дипломатија од највисоко ниво до министри за надворешни работи да не говорам за другите коч што се состануваат работно итн. Ова не е официјална посета па да се бара посебен протокол. Него никој не го чекаше на аеродромот, беше од протоколот да му се пружи услуга да дојде до вилата каде што ние бевме за разговорите итн. Ниту почесни стражи нити незнам што се друго. Се работи за една средба која може да

придонесе нешто повеќе да знаеме што мисли тој сосед, еден од факторите што одлучуваат во таа Република во таа држава. Ние имаме тогаш сосема погрешна претстава ако мислиме, тогаш барем треба да ја гледаме нашата ситуација па да заклучуваме дека сите во Србија еднакво мислат ч дека секој што говори ако е тоа Паниќ, наместо него Милошевиќ или Ќосиќ сите говорат исти работи, тоа е до крај се усогласено, таму нема разлики, незнам зошто тогаш е дојден Паниќ, дали е случајно дојден Паниќ итн. Кого ние ќе поддржуваме во таа ситуација, а кому ќе му дадеме евентуално некоја поткрепа ако е тоа евентуално Е00ПШТО од нас потребно или со кого имаме поволен интерес да разговараме, тоа не е работа без било какво значење. Таму е можеби едно монолитно единство, а го гледаме нашиот Парламент ч сите парламенти се такви, какви се постојат разлики. Значи се водеа разговори, никакви преговори и договори. Мислам тоа дека треба да биде јасно и да не се манипулира со тоа и да не се создаваат непотребни сомневања ч да се разбере правиот карактер на таа средба.

Второ, кој учествувал на таа средба? Тој побара да дојде да разговара во Македонија. Ние имавме влада во оставка. Јас го известив господинот Кљусев за таа работа. Го покренав сиот апарат и рекоа дека е болен. Така ми беше одговорено ч од неговиот дом. Потоа размислував што во таа ситуација да се прави. Не можам јас да одредам кој ќе дојде од Владата. Јас не дојдов ни до телефонски разговор со претседателот Кљусев. Размислував дека добро би било да биде уште некој со мене на тие разговори и разбира се, тогаш првата мисла е што не е вообичаено во светот во ситуации кога се владите во оставки ако постои мандатор тој или

се обавестува или присуствува на слични разговори. Тоа не е ништо ново и необично. Тоа е најнормална работа заради тоа што тој што ќе носи одговорност треба да биде во тек со таков настан. И бидејќи тој уште не е официјално од Парламентот одреден мислев дека е добро да има барем уште некој од легитимните претставници на оваа држава.

Денеска многу се говореше за разни протоколи. Од каде станавме такви специјалисти, познавачи на протоколот и кој денеска пред се држи до протоколот освен при чисто официјалните посети кои се знае кои се, какви се и со каков ритуал се одвиваат. Во кое време ние живееме и тоа на Балканот каде што се води војна, каде луѓето се среќаваат по потреба секој саат или секое попладне или ден кога ќе се договорат итн.

Овде се спомна некаква средба во Куманово. Јас не сум се видел при преминувањето на господинот Милошевиќ низ Македонија ни во Куманово ни било каде. Ако имате такви информации повелете дајте ги со сета одговорност во врска со таа работа, но инсинуации не смеат да се изнесуваат јавно, ако за тоа не постои ниеден доказ бидејќи сите знаат дека таква средба немало.

Се рече дека било речено дека називот на таква некаква асоцијација ќе зависи од учество на земјите. Тоа не е точно зависно од содржината на таа асоцијација, таа е непозната бидејќи треба да биде предмет на разговори ако сите се сложат да може да дојде до таква ситуација. Значи се говори за нешто што има сосема друго значење од она што е овде речено.

Морам да ве известам дека за секоја моја средба сум го известувал премиерот на Владата на Република Македонија. Неговите средби нити ги организирам, нити е тоа моја задача,  нити ја организирам неговата Влада,

работата на неговите министерства, информирањето на неговите министерства на претседателот итн. тоа не е моја задача. За моите средби и за она што е врзано за мојата одговорност јас сум секогаш информиран.

Беше поставено прашањето кој ја бараше средбата. Јас мислам дека со тоа почнав како свое излагање, на иницијатива и по барање на господинот Паниќ. Тој дојде во Охрид, не отидовме ние во Белград да разговараме.

Дали средбата била во погоден момент и какви последици чам односно негативни последици, имаше зборови политичко само-убиство,гнев и понижувања, срамни понижувања на Македонија итн. од еден обичен разговор во кој сепак разбравме доста работи за еден сосед кој е тука, со кој ќе мораме да живееме, со кој ќе мораме да разговараме. Кога ќе се исполнат условите за меѓусебно признаваше на овие две држави тогаш останува во овој регион во кој живееме само признавањето од Грција бидејќи Албанија постојано повторува дека за неа независноста на Македонија е факт и дека таа ја вика онака како што се вика под име Македонија. Тоа е прашање на време. Ако еден регион, според тоа, ја признава една од државите која е на тој регион тоа е најголема легитимација за признавањето на една држава во целиот свет во крајна линија. Бидејќи со тие држави пред се заедно живее таа држава, па потоа влегува во меѓународната заедница.

Се спомна дали ние воопшто да говориме денес дали е тоа актуелна балканска асоцијација или само европска асоцијација па нормална работа е ние постојано говориме дека сакаме да влезе во таа европска асоцијација и како таа се шири, а и досега има регионални асоцијации едното со другото апсолутно не е во спротивност. Тоа само ние можеме да измислиме таква работа дека ако си член на една економска асоцијација било каква,

најлабава да речеме зона на слободна трговија ч ништо друго дека е тоа спротивно на тоа да бидеш член утре во Европската заедница. Тоа е со скандинавската асоцијација, со Бенелукс, со Ал Пе Адрија со разноразни други асоцијации, Јужен и Среден Јадран итн. итн. Таа Европа колку повеќе се шири како организација ќе мора се повеќе да се ослонува на регионални организации иначе ќе стане еден монструм во кој тешко ќе се одлучува и сега тешко се одлучува. Ќе треба за таа европска асоцијација тогаш да се задржат само неколку најкрупни прашања по кои ќе се одлучува, а друго специфичностите на регионите мора да дојдат до израз.

Јас мислам дека моментот дали бил погоден или непогоден бидејќи секогаш треба да се разговара јас мислам дека тој момент сосема одговараше, не донесе никаква штета, напротив од разговорите досега што сум ги имал и информациите што ги добивам тоа е позитивно оценето. Рускиот претставник кога дојде ме праша дали на сличен начин би биле готови да разговараме и со Грција. Јас реков ние тоа го предлагаме веќе долг период на време. Ние сме спремни на разговори, сакаме да разговараме без оглед како тие се однесуваат во врска со нашето признавање бидејќи без дијалог никогаш нема ниедно прашање да се реши. Сакаме ли да одиме на сила, на заострување на односите, на тоа да дојдат до израз на границата Шешењевци и слични или со ова ќе ги сузбиваме на еден начин кој постепено ќе создава една друга клима на Балканскиот полуостров.

Јас секогаш кога настапувам од името на Република Македонија чувствувам обврска да ги бранам интересите на сите националности во Македонија. Јас исто би говорел ч да бил присутен таму Албанец и да не

бил присутен. Ништо тоа не би се разликувало како што исто така бидете длабоко убедени ќе ви пренесам како што ви пренесов што се разговараше за Косово за односите со Албанија. Во врска со тоа пак да подвлечам иако тоа го реков но изгледа не беше сфатено од еден пратеник па просто да го појаснам. Тој рече дека сака да се сретне со претседателот на Албанија господинот Али Бериша. Би бил среќен ако можам во тоа да му помогнам дури ми рече ако сакате заедно да го одржиме тој разговор. На тоа јас му одговорив дека тоа е пред се однос меѓу двете држави . Друго дека е добро се разбира да дојде до таква средба, но многу важно е пред се да постои на исти начин желба и интерес да се разговара со легитимни претставители на Косово, тоа е проблем кој може да предизвика нови настани на Балканот, војна како што чувте ч што ви прочитав денеска до Прес-конференцијата на господинот Буш тоа е една голема загриженост што може поради евентуални настани на Косово да се случи на Балканот, дури сметаат дека треба и сите други околни држави да имаат набљудувачи за да се спречи еден таков настан. Таму треба да се усредсредите врз база како што прочитав на рамноправност, дијалог, меѓусебно почитуваше итн., да најдете решение за тој проблем. Разбира се, ќе има моменти кога во нашите делегации ќе бидат претставени како што има такви делегации стопански и други каде што и на чело бил господин Жута и господин Тоска па и Сабриу , а може и во овие делегации ако составот биде таков а не намерно да го правиме тоа заради тоа да ни веруваат нашите сограѓани на оваа Република дека ние навистина верно ги претставуваме интересите на она што се вика Македонија во целост, а не само на македонскиот народ. Мислам таа доверба ние мораме да ја воспоставаме и тоа е еден од

условите за нашето заедничко живеење што вклучува и можности и потреби на определени средби да учествуваат исто така и албанци, зашто не.

Јас не избегнувам никакви средби со бугарските државници, тоа е неточно. Скоро беше објавено дека имав средба со господинот Филип Димитров, претседател на Владата кој беше присутен во Турција на отворањето на браната "Ататурк" и заедничка вечера и повеќечасовен разговор кој по мое мислеше беше и интересен и значаен за нашата Република, а во тек се разговори за мојата посета во една многу блиска иднина на Софија во својство на претседател на Република Македонија.

**КИРО ГЛИГОВОВ**: (продолжение)

Така да не треба во тој поглед исто така да има било какви разлики, ниту јас правам разлики. Таму пред мене беше претседателот беше претседателот на Владата и потпретседателот на Владата и многу други делегации, нивниот министер беше овде, нашиот министер за надворешни работи беше во Софија. токму тука политиките контакти беа најфреквентни и добро е да е тоа така. Но, и за ова си има еден редослед и по потреба и ова друго ќе дојде сосема нормално.

Дали положбата на Сојузна Република Југославија е пречка ние да се состануваме со нив. Тоа прашање не треба нам да ни се упатува. Тоа прашање треба да се упатува на оние што ги донесоа и санкциите и ставовите на СР Југославија, ние ги поддржуваме, а кои секојдневно се среќаваат на највисоко ниво со тој ист господин претседател на Влада Паниќ. Според тоа ако ним тоа не им смета на нас како сосед овде не може никако да ни смета, бидејќи мораме да најдеме начин за комуникација и за дијалог. Никакви, според тоа, платформи не се таму расправани и биле поднесени, ниту воопшто било збор за нешто слично.

Признавањето на Македонија од Русија нема никаква врска со г-динот Елцин, претседател на Руската федерација во Бугарија.

Сега морам да ви кажам јас бев информиран, барем три дена пред тоа дека тоа ќе уследи. Ми беше речено тоа не треба да се објави да не дојде до некакви интервенции и сл. и морам да ви кажам тоа сабајле проверував дали и на Деве Баир стигнал и асланикот на г-динот Елцин, бидејќи он сам после, објаснувајќи го тоа задоцнување рече: ние тоа уште тогаш го решивме, но имавме тешкотии и треба да не разберете за таа работа.

Во меѓувреме и господинот Блаже Ристески имаше разговори да се забрза таа работа. Тоа е вистина. И јас имав некои телефонски разговори. Имав разговор со Рускиот амбасадор во Белград, а имавме иницијатива пред идејнето на г-динот Елцин да отиде во Софија некој од нашата влада, да се сретне со него и да му каже дека е крајно време тоа да се заврши. Откако ја добивме таа информација, тоа отпадна. Според тоа не е точно дека не се работело на тоа. И те како се работело. Но, немаме само ние проблеми и таа голема држава има свои проблеми и свои обврски и она исто така бира момент кога тоа ќе го стори. Затоа не треба пред секоја работа да гледаме и како паукова мрежа да исплетуваме се што може да се случајно деси и да мислиме е тоа е така затоа нас не не признаваат итн.

Лондонската конференција. Таа уште нема оформена своја физиономија. Јас утринава добив прво писмо од Извршниот секретар на Каринктоновата комисија дека се најавува подготвителна средба на 14 во Брисел на која треба да се разговара штотоа ќе биде предмет и се најавува, можеби ќе бидат испратени и некои документи. Ние сме во тек со доста земји за да добиеме информации дали тие повеќе се информирани околу таа конференција. Меѓутоа, ова што досега го знаеме е уште меѓусебно погаѓаме, бидејќи тоа очигледно е еден компромис. Од една страна Каринктонова конференција, од друга страна Лондонска конференција, проширена. Од ова што досега знаеме таму ќе учествуваат не само 12-те минатa, туку оние што се викаат Г-7, а тоа се овие 7-те најбогати држави ЌЕБС и сите соседи на бивша Југославија, се разбира и сите 6 републики на Бивша Југославија.

Пред да се оди на таа конференција и да не се бара неизбежно е овде да се излезе пред Парламентот со платформа кои ставови ќе ги

застапуваме на таа конференција бидејќи тоа е еден нов настан, една нова рамка за разговори , едни нови учесници, некои сосема нови кои досега не учествувале во разрешувањето на југословенската криза. Според тоа неизбежно е да подвлечеме една црта поп се она што досега се случило, што можеме да очекуваме, кои ќе бидат нашите ставови и кој тие ставови се разбира таму ќе ги брани.

Засега позивот за учество е упатен пред претседателите на Републиката и за жал за цело ова време од година и пол, постојано субјекти за разрешување на југословенската криза беа претседателите, не само од Македонија, од секаде. Според тоа ние не можевме почнаку да постапиме.

Јас би бил среќен оној момент кога тие разговори и преговори, а ќе дојде време за тоа штом ќе дојде до најголем најглобален политички говор, ако дојде, се разбира се е можно тоа да премине на оние инстанци кои треба да си ги извршуваат тие работи: на владите на министрите за надворешни работи итн. Но, засега е така и тука нема лутете се.

Мислам дека, ако не пропуштив нешто, тоа го мислев дека треба да го кажам пред вас, да добиете и по потполна претстава. Нема кај мене некој гнев заради се ова што се рече и што се соопшти во јавноста. Ние мораме да се научиме на тоа дека ќе постојат критики жестоки, оправдани, неоправдани. Се ова во еден час време и еден процес на зреење на една држава, мала држава, се лутат кога се спомне мала, но така по територија и опо население е мала, но тоа не значи и по други критериуми е мала. Тоа е процес на созреваше и на нас како управувачи, парламентарци, врховна законодавно власт јас сум длабоко уверен дека вака смешано  што му го

презентирам ена нашиот народ, тој сепак има доволна мудрост и доволно сознание во таа шума од се овде што е искажано да ја види вистина и да ја поддржи таа политика која ќе обезбеди таа земја да стане независна држава, меѓународно призната и да биде демократска земја

(Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да завршиме.

Оваа точка на дневен ред е поставена врз основа на уставново право на претседателот да о информира Собранието кога оценува за потребно. Не постои уставна основа и можност неговата информација да биде прифатена или неприфатена. Затоа ние нема зошто за тоа да се загрижуваме.

Ова го известувам и г-динот Петров што зборуваше како е неговото мислење.

Не постои уставна основа да се прифати или да не се прифати информирањето од претседателот. Тој има право Собранието да го информира по сопствена оцена, Еднаш годишно е должен, а инаку по сопствена оцена:,има право.

Овие работи ги кажува затоа што Собранието со свои заклучок не може да го задолжува претседателот, да го повикува овде да информира заради тоа што претседателот не е извршен орган на Собранието. Он има изборна извршна власт по Уставот и во Уставот не постои таква можност. Ова го кажувам затоа што имаше живи иницијативи од некои поедини пратеници да го повикаме претседателот да даде информации. Таква можност со Уставот не постои. Но, претседателот процени и тоа го

искористи. Овие работи треба да ги извадиме за во иднина навистина секој да си ја тера својата работа.

Со ова ние ја завршивме првата точка. Сега е 15,40 минути. Јас не знам како да продолжиме да работиме, каква пауза да дадеме.

Еве г-динот Тошевски сака нешто да каже.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Како ќе се одлучи за продолжување на седницата вие ќе се изјасните, меѓутоа молам по точката 2 - Собранието денес да се изјасни бидејќи тоа е врзано со редбата и разговорите што треба да ги имаме со потпретседателот на Светската банка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине министре, бидејќи вие патувате во недела, ние утре можеме да го донесеме овој закон, а денеска по него да расправаат комисиите.

Дали се согласувате со овој предлог?

Има збор Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас имам конкретен предлог. Ние денес да продолжиме со работа. И така го изгубивме во други работи времето, мислам нема важни, неважни. Меѓутоа одредбата дека до 17,00 часот треба да се работи, јас мислам таа

е внесена за прв пат во новиот предлог и пак во новиот Предлог Деловник кој не е усвоен, не не обврзува директно. Кој се сомнева да ги го прочита. Затоа сметам денес да продолжиме со работа, со потребна пауза за ручок бидејќи утре нема половина да дојдеме. Реков тоа не е спровино на Деловникот Новиот деловник ќе не ограничи да работиме до 17,00 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ние имаме заклучок на Собрание, не деловник, да работиме до 17,00 часот. .

Инаку, ние не ќе можеме да минеме на 2-та точка бе43 да дадеме пауза, бидејќи на паузите комисиите треба да расправаат.

(Предлагам пауза од 30 минути).

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 17 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 2** - Предлог за донесување на закон за преземање на гаранции по користени странски кредити, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон;

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за преземање на гаранции по користени странски кредити.

Кој е за, молам да крене рака?

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 1 ч 2 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (67).

Дали има некој против? (Не).

Дали :некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за преземање на гаранции по користени странски кредити. Итн.

Пред да преминеме на претрес по предлозите за донесување на законите за грбот, знамето и химната на Република Македонија напоменувам дека според член 5, став 2 од Уставот на Република Македонија законите за грбот, знамето и химната на Република Македонија се донесуваат со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Присутни се 68 пратеници сега. По пребројувањето на пратениците во салата се 77.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што не присуствуваат во салава нема повеќе од две третини и во случај сите да гласаме за, нема шанси да се донесат системските закони. Затоа, предлагам седницава да се одложи за

понеделник или вторник и да. се направат услови да присуствуваат сите 120 пратеници доколку сакаме да донесеме грб и знаме. Очигледно е дека салава е празна, па ако треба еден по еден да се произваме да видиме колку не има тука. Тука нема 80 пратеници, а и како сакаме да донесеме системски закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега се 79 пратеници во салава.

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Морам да констатирам дека навистина дека салата не изгледа многу свечено и полна со пратеници, па тоа да ни служи на чест на сите кога треба да ги донесуваме државните симболи. Оттука, сметам и нашата парламентарна група дека бес целосното присуство на пратеници апсурдно е да продолжи седницата и да се носат државните симболи. Затоа, предлагам да се одложи седницата и да се закаже нов термин, а тоа да биде во вторник или како ќе биде расположението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во тој случај седницата ќе ја одржиме во вторник во 10 часот.

Молам сите пратеници да бидат присутни.

Седницата заврши во 17,10 часот.